Ariadne network

Against Trafficking in Human Beings in South-Eastern and Eastern Europe

# Регионални упатства за идентификација на жртвите на трговијата со луѓе

Правилник(прирачник) за Југоисточна и Источна Европа

HUMAN RIGHTS DEFENCE CENTRE
ΚΕΝΤΡΟ ΠΡΟΑΣΠΙΣΗΣ ΑΝΘΡΩΠΙΝΩΝ ΔΙΚΑΙΩΜΑΤΩΝ

NORWEGIAN MINISTRY OF FOREIGN AFFAIRS

Автори:
Татјана Фомина, Интернационален центар „Ла Страда"- Молдавија и
Мариа Вогиаци, Центар за заштита на човековите права - Грција

Во соработка со АРИАДНЕ мрежа против трговија со луѓе во Југоисточна и Источна Европа (Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Грција, Молдавија, Црна Гора, Србија, Турција, Украина)

**© Ариадне мрежа 2012**

Сите права се заштитени. Ниту еден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран, копиран ниту пренесен во ниту еден формат, како печатен така и електронски, вклучително фотокопии како и снимен материјал без дозвола на носителот на авторските права. Содржината на оваа публикација може слободно да се користи и без дозвола на носителот на авторските права во образовни и други некомерцијални цели, при што изворот на информацијата мора да се наведе.

Оваа публикација е создадена во рамките на проектот - Трговија со луѓе и миграција во Југоисточна и Источна Европа, финансиран од Министерството за надворешни работи на Норвешка. Содржината на оваа публикација ги одразува ставовите на авторите и не треба да се поистоветува со ставовите на министерството.

# СОДРЖИНА


Предговор ....................................................................................................4
Благодарност ................................................................................................6
Вовед ...........................................................................................................9

1. Главни аспекти на концептот- идентификација на жртвите на трговијата со луѓе ...............11
1.1. Важноста на процесот на идентификација на жртвите .............................................11
1.2. Поимот на идентификација- задачи и цели ...............................................................12
1.3. Разликата помеѓу идентификацијата на жртвите и класификацијата на криминалниот акт за трговија со луѓе ...............................................................................................13
1.4. Човекови права и други видови на пристап кон овој процес ...................................15
1.5. Идентификацијата како елемент на системот за борба против трговијата со луѓе.........................................................................................18
2. Врската помеѓу идентификацијата и дефиниција на трговија со луѓе ............................20
2.1. Дефиниција на трговија со луѓе ...................................................................................20
2.2. Елементи на трговија со луѓе ........................................................................................21
2.3. Систем на индикатори ..................................................................................................22
2.4. Прелиминарна идентификација и финална идентификација. Претпоставена жртва и жртва ......................................................................................22
2.5. Директни индикатори ....................................................................................................23
2.6. Индиректни индикатори ................................................................................................25
3. Организациски аспект на идентификацијата ..................................................................27
3.1. Организации и професионалци кои вршат идентификација .....................................27
3.2. Методи на идентификација ...........................................................................................29
3.3. Само-идентификација на тргуваните лица и важноста на овој процес .....................31
4. Практични аспекти на водењето интервју со тргуваните лица .......................................33
4.1. Организација на интервју ..............................................................................................33
4.2. Комуникација со жртви на трговија со луѓе .................................................................36
4.3. Информации и процена на потребите ..........................................................................37
4.4. Рана процена на ризик ....................................................................................................38
4.5. Период за размислување ................................................................................................39
5. Идентификација и прибирање податоци ...........................................................................41
5.1. Препораки за содржината на прашалниците кои се користат во процесот на идентификација.................................................................41
5.2. Размена на информации и заштита на личните податоци ...........................................45

Заклучоци и препораки ..................................................................................................46

# ПРЕДГОВОР

Мрежата АРИАДНЕ- против трговија со луѓе во Југоисточна и Источна Европа, е регионална мрежа составена од 16 невладини организации, од 12 земји од регионот. Мрежата е основана во 2005 со седиште во Атина, Грција, и до сега има завршено три регионални проекти со фокус на регистрирање на фактичката состојба на трговијата со луѓе во земјите учеснички, ширење на добри практики и модели за превенција, помош и заштита како и подигање на свеста кај населението против трговијата со луѓе во регионот. Мисијата на мрежата е да се бори против трговијата со луѓе преку тесна и координирана соработка меѓу земјите на потекло, транзит и дестинација. Најголема придобивка од Ариадне имаат жртвите како и потенцијалните жртви на трговија со луѓе. Потоа, невладините организации кои ја збогатуваат способноста за координирана заедничка акција на различни државни и недржавни субјекти, кои се исто така активни во борбата против трговијата со луѓе.

И покрај сериозните напори за превенција, трговијата со луѓе и понатаму останува огромен проблем во Југоисточна и Источна Европа. Значителен дел од жртвите потекнуваат од Балканот. Напорите за борба против овој феномен во регионот треба да бидат насочени кон обезбедување помош и заштита на жртвите во земјите на потекло, транзит и дестинација. Иако е постигнат напредок во повеќето земји во областа на законодавството, особено кон криминализација на трговијата со луѓе, сè уште постои простор за подобрување особено во сферата на идентификација на жртвите. Бројни се пречките за системски, заеднички и конзистентен меѓународен пристап кон идентификација на жртвите на трговија со луѓе, на пример, различни правни системи, тешкотии во распределба на ресурси, различни нивоа на институционална организација кај кои се разликуваат приоритетите во борбата против трговијата со луѓе итн. Како резултат на оваа идентификацијата на жртвите често се спроведува ад хок, ставајќи ги во ризик заштитата на правата на жртвите како и загрозувајќи други анти-трафикинг напори и акции. Исто така, јасната промена во приоритетите во борбата против трговијата со луѓе, од пристап со акцент на криминалниот акт кон малку поинаков пристап, кој во центар ја става повредата на човековите права, го прави процесот на посоодветна идентификација на жртвите потребен повеќе од кога било.

Меѓународните студии тврдат дека голем број жртви остануваат неидентификувани а со тоа и лишени од потребната поддршка и интервенција. Ефективна идентификација води до поефективно справување со феноменот на трговијата како и до покомплетна ре-интеграција на жртвите на трговија со луѓе. Така, оваа публикација, создадена во рамките на 4-иот заеднички проект на Мрежата Аријадне, се фокусира на информации и споделување на искуство за идентификација и упатување, како и создавање на механизми наменети за жртвите на трговија со луѓе со цел оваа експертиза да се примени и во практика, во форма на упатства/ правилник за индентификација.

Овој прирачник има за цел да се користи од широк спектар практичари вклучени во идентификацијата на жртвите па обработува социјални, правни,психолошки и други аспекти на самиот процес на идентификација. Децата жртви на трговија со луѓе се обработени во специјално поглавје. Регионалните правилници се релевантни за работата на невладините организации, министерствата, полицијата здруженија на, правници, судии, обвинители и други, вклучени на еден или на друг начин во процесот на идентификација на жртвите. Посебен напор се прави да се потенцира важноста на искуството и експертизата на вклучените НВО-а, како и добрите примери од локалните законодавни системи во Југоисточна Европа, кои би можеле да се применат и усвојат и во други земји.

Се надеваме дека засегнатите страни, во овој прирачник ќе препознаат корисна алатка во нивната секојдневна работа при идентификацијата на жртвите и повеќе, дека самите жртви ќе имаат директна корист од него како примачели на подобра и поефикасна услуга и сервис.

Оваа публикација е дел од четвртиот заеднички проект на мрежата Аријадне- против трговија со луѓе во Југоисточна и Источна

# БЛАГОДАРНОСТ

Европа под наслов „трговија со луѓе и миграција во Југоисточна и Источна Европа“, финансиран од норвешкото Министерство за надворешни работи. Спроведен од страна на центарот за одбрана на човекови права (КЕРАД) во Грција, координатор на Мрежата Аријадне и заеднички имплементиран во партнерство со 15 НВО од 11 земји-учеснички, членови на Аријадне мрежата: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија , Грција, Молдавија, Црна Гора, Србија, Турција и Украина.
КЕРАД ги признава и цени придонесот и подршката дадена од страна на голем број лица и организации. Без нивната посветена работа регионалниот прирачник за идентификација на жртвите на трговија со луѓе не би бил завршен. Авторите исто така би сакале да им се заблагодарат на невладините организации, членови на мрежата Аријадна кои беа вклучени во изработката на оваа публикација:

АЛБАНИЈА
Мигена Молаљи, родоводител активист – Useful to Albanian Women
Еринда Бланка, правник; Елона Тершана, правник - Албански центар за рехабилитација од трауми и тортура

БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА
Азра Хасанбегович, Извршен директор - Асоцијација “Жена БиХ”

БУГАРИЈА
Елена Трифонова, консултант – Фондација за Бугарски родови истражувања
Кристина Гологанова, координатор - Центар за помош на жртви на тортура

ХРВАТСКА
Кристина Бабиќ, административен асистент - Хрватски правен центар

ГРЦИЈА
Ева Савополоу, правен советник – Центар за заштита на човековите права (КЕРАД)
Валбона Хистина, офицер за детска заштита - Здружение за социјална поддршка на младите (ARSIS)

МАКЕДОНИЈА
Кети Јандријеска Јованова, адвокат - Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
Верица Стаменкова-Трајкова, претседател на НВО - За среќно детство

МОЛДАВИЈА
Виорела Русу, аналитичар - Меѓународен центар за заштита на правата на жените – Ла Страда, Молдавија

ЦРНА ГОРА
Маријана Милиќ, правен советник - Црногорско женско лоби

СРБИЈА
Кристина Тодоровиќ, адвокат - (YUCOM) Комитет за човекови права

ТУРЦИЈА
Елиф Озер, проект координатор,
Туба Дундар, координатор на програмата - Фондација за развој на човечки ресурси

УКРАИНА
Олга Калашњук, потпретседател, Катерина Черепака, Раководител на одделот за социјална работа, Викторија Лазар Греам, асистент - Меѓународен центар за женски права - Ла Страда - Украина.

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| Совет на Европа | CoE |
| Совет на европската договорна серија | CETS |
| Економски и социјален совет | ECOSOC |
| Европска Унија | EU |
| Меѓународен центар за развој на миграциона политика | ICMPD |
| Меѓународна организација на трудот | ILO |
| Меѓународна организација за миграција | IOM |
| Меморандум за разбирање | MOU |
| Национален механизам за упатување | NRM |
| Невладини организации | NGO |
| Организација за безбедност и соработка во Европа/ Канцеларија за демократски институции и човекови права | OSCE/ODIHR |
| Обединети нации | UN |
| Фонд за деца на Обединетите нации | UNICEF |
| Канцеларија на високиот комесар за човекови права на Обединетите нации | UNOHCHR |
| Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал | UNODC |
| Договорна серија на Обединетите нации | UNTS |
| Светска здравствена организација | WHO |

# ВОВЕД

Прирачникот за идентификација на жртви на трговија со луѓе (во понатамошниот текст “регионален прирачник”) е разработен во рамките на четвртиот заеднички проект на АРИАДНЕ мрежата за борба против трговијата со луѓе во Југоисточна и Источна Европа на тема “Трговија со луѓе и миграција во Југоисточна и Источна Европа”. Проектот е имплементиран од страна на НВО Центар за заштита на човековите права (KEPAD), Грција, во партнерство со 15 НВО-а, членки на мрежата Аријадне.

Со цел да се обезбеди основа за развој на регионални насоки, беше спроведено тематско истражување кое ги анализира актуелните ситуации како и спецификите на идентификација на жртвите на трговијата со луѓе во секоја од земјите учеснички. Истражувањето се фокусира на следниве области, одразувајќи ги различните аспекти на идентификација на жртви на трговија со лица:

1) Правни аспекти (националната политика и ниво на формализација / стандардизација на идентификациската постапка во секоја земја);
2) организациските аспекти (прелиминарна и формална идентификација, улогата на НВО, итн);
3) индикатори за идентификација на трговија со луѓе и корелација со дефиниција на трговијата со луѓе;
4) етичките аспекти на интервјуирање на тргувани лица;
5) почитување на човековите права на жртви на трговија лица и посебни права на малолетните лица, обезбедување на пристап до неопходна заштита и помош.

Истражувањето откри дека сите земји учеснички го имаат ратификувано главниот меѓународен документ за борба против трговијата со луѓе, односно протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено на жени и деца, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации за борба против меѓународниот организиран криминал (Палермо, 2000). Поголемиот дел од земјите учеснички, ја ратификуваа и конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе (Варшава, 2005). И покрај ова, концептуални и практични проблеми поврзани со идентификацијата на жртвите на трговија со луѓе сè уште постојат во сите земји кои учествуваат во овој проект. Како прво, кај поголемиот дел од земјите учеснички сè уште не се разработени националните стандарди за идентификација на жртвите на трговија со луѓе. Се чини дека терминот “идентификација на жртви на трговија со луѓе” се толкува различно во различните земји учеснички. Исто така, овие земји имаат усвоено различни пристапи кон организацијата на процесот на идентификација. На пример, во многу од земјите единствено органите за спроведување на законот имаат право да вршат формална идентификација.

Во исто време НВО кои нудат помош на луѓето жртви од трговија со луѓе, се стекнаа со значително искуство и експертиза во идентификација на трговија со луѓе. Најновото истражување исто така се фокусираше и на прибирање на добри практики и идентификација на потребите и недостатоците во процесот на идентификација на тргуваните лица. Преку ова истражување се овозможи и изработката на општи насоки на самиот процес на идентификација.

Регионалните насоки беа прифатени од страна на сите НВО-а учесници во горе споменатиот проект. Овие кратки упатства се наменети за невладини организации кои се специјализирани за помош на жртвите на трговија со луѓе. Регионалните насоки, исто така, може да се користат и од страна на полицијата, обвинителството, граничната полиција, социјалните работници, како и од страна на специјалисти од другите владини институции, кои поради природата на нивната работа се во близок контакт со можни жртви на трговија со луѓе. Сè со цел, овие насоки да придонесат за подобро и поефикасно идентификување на случаите на трговија со луѓе.

Регионалните насоки се изготвени во согласност со одредбите во следниве документи:

- “Протокол за спречување, сузбивање и санкција на трговијата со луѓе, особено жени и деца жртви, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации за борба против меѓународниот организиран криминал”, Палермо (2000), во натамошниот текст: “Протоколот од Палермо”;
- “Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе” на советот на Европа, Варшава (2005), во понатамошниот текст “Анти-трафикинг конвенција на советот на Европа”;
- “Препорачани принципи и насоки за човекови права и трговија со луѓе”, Економски и социјален совет при Обединетите нации (2002);
- “Национален механизам за упатување. Заеднички напори за заштита на правата на лицата што се тргувани-Практичен прирачник “, ОБСЕ / ОДИХР, Варшава (2004);
- “Насоки за развој на меѓунационален механизам за упатување на жртвите на трговија со луѓе: Југоисточна Европа”, ICMPD, Виена (2009);
- “Трговија со луѓе: Идентификација на потенцијални жртви. Мобилизирана заедница “, ОБСЕ, Виена (2011);
- “Стандарди за квалитет на процената на ризик и безбедно враќање и реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе”, НВО LEFÖ, Виена (2011);
- “Идентификација на трговија со луѓе во Молдавија-упатства за специјализирани невладини организации кои дејствуваат во Република Молдавија”, Меѓународен центар “Ла Страда”, Кишињев (2006);
- Ред други меѓународни, европски и национални стандарди и политики за развој.

Регионалните насоки се фокусираат не само на теоретските аспекти од трговијата со луѓе, туку исто така и на разни добри практики развиени од страна на невладините организации од земјите-учеснички во проектот.

Регионалните насоки исто така вклучуваат и препораки за главните аспекти на организација на систем за идентификација на случаи жртви на трговија со луѓе и се однесуваат на:
а) концептуализација на поимот на “идентификација на трговија со луѓе” (цел, цели, пристапи и принципи);
б) врската помеѓу идентификацијата со самата дефиниција на трговијата со луѓе;
в) процесот на идентификација, неговити фази како и методите кои се користат;
г) компетентни професионалци како и организации кои вршат идентификација на жртвите и нивните конкретни задачи;
д) показатели за идентификација на потенцијални жртви на трговија со луѓе како и на самите жртви на трговија со луѓе (претходни и конечна / формална идентификација);
ѓ) практични аспекти на спроведување на интервју со жртвите на трговија со луѓе;
е) размена на информации и заштита на податоците;
ж) други прашања поврзани со проблемот.

Крајната цел е со овие насоки да се формира сеопфатна основа за изработка на национални стандарди кои ќе се искористат при идентификацијата на лица жртви на трговија со луѓе.

# 1. Главни аспекти на концептот на идентификација на тргувани лица

## 1.1. Важноста на идентификација на жртвите на трговија

Идентификацијата на жртвите на трговија со луѓе е од витално значење за обезбедување на нивните човекови права. Како прво и основно идентификација е наменета за да се осигури пристап до потребната помош и заштита на жртвите. Со цел тие да се заштитат и да им се помогне, процесот на идентификација е од огромно значење жртвите да се идентификуваат брзо и правилно.

Важноста на потребата за ефикасна идентификација е истакнат во поголем број меѓународни правни документи. На пример, ECOSOC-документ за препорачани принципи и насоки за човекови права и трговија со луѓе гласи: "неуспехот правилно да се идентификуваат тргуваните лица ќе резултира со понатамошно негирање на правата на таа личност. Државите се затоа обврзани да обезбедат правилна идентификација."[1] Во согласност со ова, првиот акционен план на Европската унија во областа на борбата против трговијата со луѓе, усвоена од страна на Советот на Европа во декември 2005 година вклучува пакет мерки со цел да се олесни развојот на вештини во идентификација на трговија со луѓе (т.е. работилници и други форми на размена на искуства).[2]

Развивањето на ефективни методи за идентификација на тргуваните лица е особено важна и како таква се истакнува во бројни научни трудови. Според одредени процени направени од страна на меѓународни експерти, околу 65% од жртвите на трговија со луѓе не се идентификувани[3]. Ова се случува од различни причини. На пример, кога жртвите се наоѓаат на територија на странска држава тие често се плашат дека и самите ќе бидат кривично гонети за кршење на законот во таа земја. Особено кога странски државјани ги прекршиле имиграциските закони за влез и престој на територијата на трета земја. Покрај тоа, тие не им веруваат на претставниците на државните агенции и структури, бидејќи честопати ни самите не се свесни за своите права и можности за добивање помош и заштита, како жртви на трговија со луѓе. Покрај ова, и психолошката траума не дозволува жртвите адекватно да се проценат со цел да се превземат вистинските чекори за да се поправи ситуацијата. Како резултат, жртвите на трговија со луѓе рутински се третираат како нелегални мигранти на трудот наместо како жртви на трговија со луѓе и како такви се подложени на судски или административен притвор, биваат казнувани и на крај депортирани од земјата на дестинација. По нивното враќање во нивната земја на потекло, овие луѓе би можеле и понатаму да се гонат за користење на лажни патни исправи, за напуштање на земјата илегално итн. На овој начин, страдањето и траумите нанесени во текот на експлоатацијата дополнително се зголемуваат со нова болка предизвикана од средбите со законодавните тела.

Без оглед во која земја се врши експлоатацијата, жртвата на трговија со луѓе секогаш се плаши и од одмазда на трговците со луѓе, која е насочена не само против нив, но исто така и против нивното семејство. Жртвите подложени на сексуална експлоатација имаат страв од публицитет како и од негативните реакции во нивната домашна средина, која честопати се врти против нив. Многу од жртвите не веруваат дека судските процедури ќе бидат ефикасни и од таа причина тие не гледаат смисла за помош да им се обратат на официјалните структури.

Како резултат на горе наведеното, неидентификуваните жртви на трговија со луѓе се лишени од неопходната помош и заштита и ним им е исклучително тешко да се вратат во нормален живот, односно да го најдат своето

[1] UN ECOSOC, „Препорачани принципи и упатства за човековите права и трговијата со луѓе. Извештај на Високиот комесар за човекови права во Економскиот и социјалниот совет при Обединетите нации" E/2002/68/Add.1, 2002, p. 6.
[2] „План на Европската унија за добри практики, стандарди и процедури за борба и превенција на трговијата со луѓе" Official Journal C 311, 09/12/2005.
[3] Limanowska, B."Трговија со луѓе во Југоисточна Европа" UNICEF, UNOHCHR, OSCE/ ODIHR, 2002, p.142.

место во средината каде што живееле. Искуството на бројни невладини организации кои нудат помош на жртвите покажува дека значителен број од жртвите идентификувани за прв пат веќе биле вклучени во трговија со луѓе во минатото и се наоѓале под постојана виктимизација. Ова води до заклучок дека дури и ако жртвата на трговија со луѓе успее да се оттргне од контролата на трговците, тие често се враќаат во овој магичен круг од очај и недостиг на вистински можности. Така, идентификација на трговија со луѓе е потребна пред сè за обезбедување и заштита на правата на жртвите со цел да се обезбеди нивна успешна реинтеграција во општеството. Правилната идентификација на жртвите е многу важна за безбедноста и кохезијата на самото општество. Кога жртвите не се подготвени да дадат докази, тогаш сторителите остануваат неказнети и на слобода, при што повторно ги извршуваат истите злодела, создавајќи нови жртви на трговија со луѓе. Неидентификувани случаи на трговија дејствуваат како поттикнувачки фактор за појава на трговија со луѓе во општеството. Поради ова, може да се тврди дека навремено идентификување на жртвите на трговија со луѓе е мерка за справување со ширењето на феноменот на трговија со луѓе и оттаму, мерка која обезбедува заштита на интересите на општеството во целост.

Многу меѓународни експерти го делат мислењето дека со цел да се направи значителен напредок во борбата против трговијата со луѓе е неопходно да се подобри процесот на идентификација на жртвите на трговијата со луѓе. Решението на овој проблем зависи првенствено од способноста на државата да ја гарантира безбедноста на жртвите/ сведоци кои приложуваат докази против трговците, а во исто време и на способноста на државните и не-државните агенции да се создадат неопходните услови кои ќе им помогнат на жртвите да соработуваат со институциите кои го спроведуваат законот.

## 1.2. Поим за идентификација: задачи и цели

И покрај тоа што важноста на идентификација на тргуваните лица се споменува во различни меѓународни документи, досега не постои формална меѓународно прифатена дефиниција. Специјалисти кои се занимаваат со проблеми поврзани со трговијата со луѓе идентификацијата ја толкуваат како:

а) мерки насочени кон пребарување и откривање на можни жртви на трговија со луѓе во средини погодни за трговија со луѓе преку кои жртвите обично влегуваат, како незаконска миграција на работна сила, проституција, итн;

б) анализа на информации поврзани со можни тргувани лица во обид да се воспостави врска помеѓу конкретниот случај и постоечките индикатори на трговија, со што се овозможува да се заклучи дали лицата всушност се жртви и дали имаат потреба од посебен тип помош и заштита.

Контекстот во кој поимот “идентификација на жртви на трговија со луѓе” се користи во различни акти на меѓународното право, на пример, во Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе, и разни референци кои ни се на располагање од оваа свера, според кои идентификација на трговија со луѓе се смета за процес преку кој специјално обучени и квалификувани специјалисти од надлежните органи (полиција, трудовиот инспекторат, граничната полиција, имиграциските власти, амбасади и конзулати, итн.) во соработка со специјализирани невладини организации:

1) преземаат мерки насочени кон откривање на трговија со луѓе на места каде се одвиваат различни фази од процесот на трговија со луѓе (вработување, транспорт, сместување, експлоатација и слично) или пак по нивното ослободување;

2) собираат информации поврзани со случаите на трговија, од самите жртви или од други извори кои поседуваат информации за криминалните дела извршени против жртвата;

3) вршат анализа на добиените информации и споредба на карактеристики кај специфичните случаи со постоечките индикатори на трговија со луѓе;

4) донесуваат заклучок дали некое лице е жртва на трговија со луѓе и обезбедуваат упат за нејзина неопходна заштита и бесплатна помош.

Идентификација на жртвата на трговија со луѓе е долготраен процес. Процесот бара размена на информации со други земји и разни агенти и организации, вклучувајќи ги како државните така и организациите од невладиниот сектор. Штом надлежните органи имаат причина да веруваат дека постојат разумни основи заклучокот за едно лице дека е жртва / можна жртва, ова лице не треба да се отстрани од територијата на земјата сè додека процесот на идентификација не е завршен. Покрај ова, надлежните органи треба да се осигураат дека жртвите ќе добијат бесплатна помош / минимален пакет на услуги гарантирани од државата, како што е предвидено во член 12 став. 1 и 2 на конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе.

ИСКУСТВОТО ОД ХРВАТСКА

Во ноември 2008 година, владата на Република Хрватска усвои “Протокол за идентификација, помош и заштита на жртвите на трговија со луѓе”. Протоколот се занимава со процесот на идентификација на жртвите и определување на улогите и обврските на организациите и лицата вклучени во заштита и помошта на жртвите на трговија со луѓе.

Откако процесот на идентификација е завршен и е донесена одлука дали лицето е или не е жртва на трговија со луѓе, надлежните органи мора да се осигураат дека идентификуваните жртви ќе добијат целосна помош и заштита определени во член 12 став. 3 и 4 на конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе.

Исто така вреди да се напомене дека процесот на идентификација не смее да зависи од ред бирократски и незгодни постапки, кои ќе го отежнат пристапот на жртвите до минимален пакет на помош и заштита. Во одредени случаи жртвата мора да биде официјално признаена како таква од страна на надлежните државни органи со цел да избегне депортација, да се обезбеди пристап до програма за заштита на сведоци итн. Сепак, дури и во овие околности, главната цел на идентификација на жртвите на трговија со луѓе и понатаму останува иста: да се обезбеди пристап до потребната бесплатна помош гарантирана со меѓународното право.

## 1.3. Разлика помеѓу идентификација на жртвите на трговија со луѓе и класификација на кривични дела како трговијата со луѓе

Процесот на идентификација треба да биде независен од која било кривична постапка против сторителите. Кривичната пресуда нема влијание за отпочнување или за завршување на процесот на идентификација.

Поимот "идентификација на тргувани жртви" е тесно поврзан со поимот "класификација на кривични дела". Сепак, постојат голем број разлики помеѓу овие два концепта во однос на целите, последиците, степен на одговорност, итн.

Основна цел на класификацијата на кривични дела е да се постигне праведен и ефикасен процес за приведување на криминалците и сузбивање на криминалната активност. Ова е многу важно прашање затоа што степенот на кривичното дело директно влијае врз типот на казна (затвор, казни итн.) која ја добиваат сторителите. Процесот е строго формалилизан каде секое криминално дело е дефинирано во детали преку закони и кривични кодекси. Во исто време е и прилично комплициран, елементи на една специфична криминална активност може да одговараат на описот на друга или пак на повеќе различни кривични дела. Класификацијата на кривичните дела може да се направи само од страна на овластен персонал на институциите овластени со закон и / или на првостепениот суд кој секогаш постапува согласно со нормите за уставна и кривична постапка, со ова доследно се почитува принципот на презумпција на невиност на обвинетиот. За да една кривична активност да стане предмет на кривична казна, мора да се докаже намерата, односно присуството на криминална намера.

Идентификација на жртвите е пред сè наменета за да се осигури потребната помош на самите жртви на трговија со луѓе. Процесот може да се врши не само од страна на полицијата, туку исто така и од страна на други специјалисти кои се во контакт со овој проблем- трудовите инспектори, граничната полиција, социјални работници, експерти од разни НВО-а кои нудат помош на жртвите на трговија со луѓе итн.

Во споредба со класификацијата на кривичните дела, идентификација на жртви на трговија со луѓе би требало да е поедноставен процес. Информациите добиени во овој процес се предмет само на општа верификација. Во оваа фаза, докази не се потребни.

Следствено, идентификацијата на тргувани жртви е помалку строг и формализиран процес од класификацијата на криминал затоа што таа директно не води до кривично гонење и во голема мера се потпира на извесни индикатори. Од оваа причина, индикаторите кои често се користат за идентификација мора постојано да се адаптираат на новите предизвици и најнови трендови во полето на превенција на трговијата со луѓе.

Идентификација на тргуваните жртви се базира на самата дефиниција на трговијата со луѓе во легислативите на различни земји и како таква, варира од една земја до друга. Обично дефиницијата на трговија со луѓе во Кривичниот закон во повеќето европски држави претставува специфичен криминален акт. Во некои држави, дефиниција на трговијата со луѓе постои и во граѓанското право, обезбедувајќи им на жртвите граѓанско-правна помош (на пример барања за компензација), како и предуслови за обезбедување помош и заштита на жртвите и на потенцијалните жртви. Законските услови и дефиниции на трговијата со луѓе во граѓанското право се обично посеопфатни и пофлексибилни од дефинициите во кривичното право, како инструменти во граѓанското право, тие имаат тенденција да ја опишат оваа појава како социјален феномен (општествена појава), а не како кривично

дело. Елементи на трговијата со луѓе како социјален феномен може значително да се разликуваат од правното толкување на трговијата со луѓе како кривично дело во националното законодавство. Општата дефиниција на трговијата со луѓе треба да ги покрие сите форми на овој феномен, каде само екстремните и поопасните форми стануваат кривични дела. Во оваа смисла, идентификацијата потпирајќи се на построга кривична дефиниција може да се лимитира пристапот до жртвите како и нивната соодветна идентификација, помош и заштита.

Некои европски земји имаат разработено такви граѓанско-правни рамки да обезбедат јасна национална, политичко-акциона рамка против трговијата со луѓе.[4] Во вакви случаи, изработката на индикатори(показатели) за идентификација може да се базира не само на дефинициите од кривичното право туку и на оние од граѓанското право. Во случаи каде постојат обете дефиниции, индикаторите треба да вклучат елементи од пошироката (сеопфатна) дефиниција.

## 1.4. Човекови права и други видови пристапи

Унапредувањето и заштитата на човековите права треба да биде прв приоритет на сите мерки против трговијата со луѓе. Почитувањето и заштитата на човековите права на жртвите на трговија со лица треба да бидат предмет на посебно внимание не само за претставници на невладини организации, туку и на сите засегнати страни, вклучени во процесот на идентификација. Според препорачаните принципи и насоки за човекови права и трговија со луѓе на ОН “**заштитата на човековите права на жртвите на трговија со лица треба да биде во центарот на сите напори за борба против трговијата со луѓе со цел жртвите да се заштитат, да им се помогне и да им се обезбеди надомест**”.[5]

Трговијата со луѓе е сериозна повреда на човековите права. **Човековите права и достоинството на лицата што се тргувани не треба да бидат загрозени од страна на мерките против трговија со луѓе.** Ова е посебно значајно бидејќи жртвите на трговија со луѓе често пати се третираат како криминалци.[6] Секундарна виктимизација може да настане ако жртвите не се третираат со соодветна чувствителност. Човекови права, како вид на пристап наложува **рана идентификација и помош на тргуваните лица**.[7] Процесот на донесување на официјален / убедлив заклучок при идентификацијата може да биде особено долг. Затоа навремена и ефикасна прелиминарна идентификација на жртвите е од клучна важност за нивната добросостојба.

Многу е важно **пристапот на жртвите до помош да не е услов за жртвата да соработува со органите за спроведување на законот**. Мора да се има предвид дека опцијата да се соработува со законот е право а не обврска за жртвата на трговија со луѓе. Убедлив одговор на прашањето дали е сторено кривично дело или не треба да даде судот, кој носи одлука која произлегува како резултат на формална истрага. Кривична истрага и судските постапки можат да траат и со години, сепак, на жртвите им е потребна итна помош, во повеќето случаи тие се наоѓаат во екстремно лоша психо-физичка состојба.

Постои и обратна зависност. Понекогаш исходот на судењето зависи од тоа дали таквата помош ѝ била овозможена на жртвата или не. Состојбата на жртвата, како психичката така и физичката ќе се подобри ако посакуваната

[4] Како пример на разлика помеѓу кривичниот закон и граѓанскиот закон во дефиницијата може да се најде во правниот систем на Молдавија.
[5] UN ECOSOC, “Препорачани принципи и упатства за човековите права и трговијата со луѓе” .
[6] UNODC, “ Алатки за борба против трговијата со луѓе”, 1st ed., Vienna/New York, 2006, Tool 6.1, p. 103.
[7] OSCE, “Трговија со луѓе: Идентификација на потенцијални и претпоставени жртви”, Полициска акција во Заедницата. Vienna, 2011, p. 26.

помош навремено се пружи. Така и жртвата е поверојатно да соработува со судот овозможувајќи и на истрагата пристап до сведоштва кои ќе ѝ помогнат таа да биде поефикасна. Унапредувањето на процесите и методите за подобра идентификација на жртвите и пружање адекватна помош е предуслов не само за обезбедување на човековите права на жртвата тука и за успешноста на целиот систем за борба против трговијата со луѓе. Процесот на идентификацијата на тргуваните жртви треба да се стреми кон **усогласување на интересите на тргуваните жртви со интересите на опшстеството во однос на спречувањето на овој феномен.**

Пристап со фокус на човековите права на жртвата, бара жртвата уште при првиот контант со официјалните лица да биде **информирана за нејзините човекови права.**[8] Некои тргувани лица дури не можат ни да сфатат дека нивните основни човекови права биле прекршени. Ова е особено случај кога повредата на нивните права е норма во нивните семејства или во земјите од каде што доаѓаат. Покрај ова, секоја можна жртва треба во целост да биде информирана за нејзините / неговите права како и помошта и заштитата која им е на располагање а која ја гарантира државата.

Идентификација, помош и заштита треба да бидат достапни за **сите категории на жртви на трговија со луѓе**. Не треба да постои дискриминација. Правилна идентификација мора да се обезбеди без дискриминација врз која било основа, пол, раса, јазик, религија, политичко убедување, социјално или национално потекло, државјанство, итн.

Сите организации кои спроведуваат идентификација треба да ги заштитат приватноста и идентитетот на жртвите на трговија со луѓе и нивните лични податоци треба да се чуваат и користат само во согласност со условите утврдени во релевантните меѓународни инструменти.[9] Конечно, при размената на информации треба да се почитува **приватноста** на жртвите на трговија со луѓе.

ИСКУСТВО НА ГРЦИЈА

Во 2005 година беше потпишан меморандумот за разбирање помеѓу интер-министерскиот комитет, 12 невладини организации кои нудат помош и заштита на жртвите на трговијата со луѓе и ИОМ мисија во Грција, со цел да се донесе рамка за соработка меѓу државата, не-владините и меѓународните актери. Меморандумот за разбирање ги содржи основните принципи за помош и заштита кои треба да бидат усвоени од страна на оние кои нудат помош и заштита на жртви. Принципи како заштита на приватноста, човековите права, независност на давателот на оваа помош, минимален стандард на услугите достапни во државните институции и НВО засолништа итн. Овој меморандум за разбирање содржи општи одредби поврзани со основните принципи за тоа како помошта да се обезбеди, особено додека жртвата е сместена во засолништа за жртви.

Важно е да се напомене дека меѓународните стандарди за превенција на трговијата со луѓе препорачуваат дека при процесот на идентификација, како и сите други мерки против трговијата со луѓе, треба да се земат предвид следниве пристапи и принципи:[10]

**Владина сопственост и одржливост**

Терминот "владина сопственост" значи дека националната влада се залага за соодветна организација, координација, финансирање и обезбедување на ефективна регулаторна рамка за борба против трговијата со луѓе

[8] *Id.*

[9] Конвенција за заштита на лица по основа на нивното право за заштита на податоци (1981, како што е изменето во 1999), CETSNo. 108; Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (1950),CETSNo. 005,член 8(Право на почитување на приватниот и семејниот живот).

[10] ICMPD, "Упатства за развој на Транснационален механизам за упатување на лица жртви на трговија: :Југоисточна Европа" Vienna, 2009, p. 26-27.

општо, но особено за правилна идентификација на жртвите како и нејзина ефикасна имплементација. Недостаток на сопственост, кој најчесто произлегува од преголемата зависност од надворешните донатори и ад хок даватели на услуги, може лесно да предизвика систем да се распадне, без оглед на квалитетот на понудените услуги. Иако вклучувањето на различни “сопственици” во процесот на идентификација е пожелен, сепак одржливоста на системот во овој случај е проблематична.

**Учеството на граѓанското општество**

Претставници на невладини организации треба активно да учествуваат во процесот на идентификација на трговија со луѓе, како и во креирање на регулаторната рамка која ќе го регулира овој процес, затоа што тие имаат стекнато значајна експертиза во оваа област. Граѓанското општество може да игра корисна улога како чувар за заштита на човековите права во текот на процесот на идентификација. Исто така, жртвите на трговија со луѓе треба да имаат право на избор дали да ѝ се обратат на државата или на НВО секторот.

**Мултидисциплинарен и крос-секторски пристап**

Трговијата со луѓе е комплексен феномен, такашто за ефикасна идентификација на жртвите потребно е учество на специјалисти од различни агенции. Мултидисциплинарен пристап претпоставува знаењето и стручноста од различни дисциплини, како и нивните методи да се искомбинираат со цел да се обезбеди сеопфатна поддршка и помош за жртвите на трговија. Терминот “крос-секторска’’ значи дека интервенциите треба да бидат дизајнирани и имплементирани на начин кој ги вклучува сите релевантни сектори на општеството (органите за спроведување на законот, судството, социјалните услуги, невладини организации, даватели на услуги, итн.) Во практика, мултидисциплинарен и крос-секторски пристап е имплементиран преку создавањето мултидисциплинарни тимови (мобилни и стационарни) за идентификација на жртвите на трговија со луѓе. На овој начин се избегнува евентуален судир помеѓу пристапот со фокус на човековите права и оној каде во центарот се наоѓа потребата законот да се спроведе. Во исто време оваа методологија овозможува подобро да се организират механизмите за упатување на жртви на кои им е неопходна заштита и помош.

ИСКУСТВО НА ФИРОМ

Во 2008, Владата на РМ и националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегалната миграција, усвоија Стандарди за акциони процедури (САП) за третирање на жртви на трговија со луѓе. САП се состои од 5 дела-идентификација и упатување, првична грижа и понатамошна заштита, враќање, реинтеграција и кривична постапка. Овие стандарди се засновани на следниве меѓународно прифатени принципи:

- Принцип на човекови права
- Мултидисциплинарен и крос-секторски пристап
- Учество на граѓанското општество
- Владина сопственост
- Одржување и
- Превенција на трговијата со луѓе

**Посебни мерки за децата жртви на трговија со луѓе**

Во случај кога има деца и помлади жртви на трговија со луѓе, потребен е про-активен, но доста чувствителен пристап на идентификација на жртвата. При таквиот пристап мора да се осигура дека сите релевантни странки се

свесни за посебните потреби на децата и знаат како да применат посебни мерки и процеси при идентификување на детето кое е жртва на трговија со луѓе.

Сите мерки поврзани со трговијата со деца треба да се базираат на принципите утврдени со Конвенцијата на ОН за правата на детето. Интересот на детето е секогаш од примарно значење, мислењата и желбите на детето мора да бидат земени предвид во сите прашања кои го засегнуваат.[11]

ИСКУСТВОТО НА БиХ
Според “Насоки за центрите за социјална работа кои работат со жртви на трговија со луѓе” во Босна и Херцеговина, во колку кај социјалниот работник има основа за сомнение, за потенцијална трговија со деца, тој е задолжен да **дејствува проактивно** и да ја спречи понатамошната експлоатација, со примена на посебни мерки од семејната и правната заштита. Кога социјалниот работник ќе забележи одредени сомнителни ситуации каде што децата се изложени на насилство и запоставување во семејството, индикатори на пореметувања во семејните односи кои влијаат негативно по развојот на детето и други неповолни околности во животната средина на која е изложена детето, тогаш таа / тој е должен да го извести надлежниот орган со цел да се преземат потребните превентивни акции (интервју и стручна помош за родителите, назначувањето на привремен старател, лишување од старателство, отстранување на детето од семејството, подигнување на судската постапка за заштита на правата на детето и др.)[12]

**Соработка со други држави**
И покрај фактот кој укажува дека законодавството на многу земји ја признаваат внатрешната трговија како форма на трговија со луѓе, сепак форма која преовладува во овие земји останува меѓународната трговија со луѓе. Со цел да се биде во состојба ефикасно да се справат со различните проблеми поврзани со трговијата со луѓе, неопходно да се обезбеди највисокото можно ниво на соработка со други држави, особено помеѓу државите на потекло и дестинација.

## 1.5. Идентификација како постојан елемент на системот за справување со трговија со луѓе

Со цел да се разбере точното значење и целта на идентификација на жртви на трговија со луѓе потребно е детално да се осврнеме на важноста на процесот на идентификација и нејзиното место во рамките на системот за борба против трговијата со луѓе. Вреди да се спомене дека сите достапни референци на трговијата со луѓе се однесуваат на три главни компоненти на борбата против овој феномен:
1) спречување на трговија со луѓе;
2) заштита и помош на лицата што се тргувани и
3) кривично гонење на трговците со луѓе.

[11] OSCE, “Трговија со луѓе: Идентификација на потенцијални и претпоставени жртви. Полициски пристап во Заедницата”, забелешка 7, п.30.
[12] Министерство за безбедност на Босна и Херцеговина, “Насоки за Центрите за социјална работа во врска со жртвите на трговија со луѓе” достапни на: <http://www.msb.gov.ba/anti_trafficking/dokumenti/prirucnici/?id=5321>

Оваа класификација често се нарекува три “П”- акциона рамка. И покрај специфичноста на овој пристап, класификацијата е прилично конвенционална затоа што трите компоненти споменати погоре се тесно поврзани меѓусебно. На пример, успешното кривично гонење на прекршителите служи и како добра мерка за спречување на други кривични дела, итн.

Сепак, ако се обидеме да го поставиме процесот на идентификација во рамките на оваа класификација, тогаш таа би требала да **биде дел од категоријата: заштита и помош за лицата што се тргувани**. Во согласност со меѓународните стандарди за превенција на трговијата со луѓе, идентификацијата како постапка мора да им овозможи на жртвите директен пристап до потребната помош. Од оваа причина достапноста на помош не смее да зависи од тоа кое тело/ поединец прв бил во контакт со претпоставената жртва и го спровел првичното интервју, првичната истрага, првиот човек да дојде во контакт со претпоставениот тргуваните лица и ќе ја спроведе, без разлика дали е тоа полицаец на чија основна функција е да ги гони сторителите, или пак вработен во специјализирани НВО чиј приоритет е да им се понуди помош и заштита на жртвите, крајниот резултат треба да биде ист и секоја жртва треба да добие директен пристап до помош и заштита.

ИСКУСТВО НА ЦРНА ГОРА

Напорите во борбата против трговија со луѓе во Црна Гора беа консолидирани со меморандумот за меѓусебна соработка потпишан во 2007[1] помеѓу државните институции (Канцеларијата на врховното јавното обвинителство, Министерството за образование и наука, Министерството за труд, Министерството за здравство, полиција) и три невладини организации. Според Анексот 4, кој се однесува на превенција, кривично гонење и заштита на потенцијалните жртви на трговија со луѓе, кога полицијата е информирана за присуство на потенцијална жртва на трговија со луѓе, или идентификува жртва, таа мора да осигура одредени мерки и акции како одговор.Овде е вклучено давање информации за помош на жртвите, на јазик што потенцијална жртва го разбира, упатување кон соодветни сервиси, креирање на оптимални услови со кои се намалува и се избегнува нивната понатамошна траума, на кратко создавање на услови во кои потенцијална жртва ќе може да сведочи. Потоа, обезбедување мерки за заштита на потенцијалните жртви, нивните роднини како и на вработените во засолништата. Ваквите чекори мора да се преземат пред, за време и по неопходните активностите кои се дел од кривична истрага, потоа за време на интервјуата со можните жртви и други сведоци, па сѐ до моментот на враќањето на жртвата во засолништето.

Горе наведениот преглед на улогата и местото на идентификацијата на жртвите во системот за борба против трговијата со луѓе се потенцира во Практичниот прирачник за национални механизми на упатување на ОБСЕ / ОДИХР: “Понекогаш поминуваат недели или месеци пред тргуваните лица да го надминат пост-трауматскиот стрес и да бидат во состојба да сведочат. Затоа, концептот кој се предлага во овој прирачник го вклучува процесот на идентификација, како дел од програмата за заштита и поддршка”[14]. Слична констатација е застапена и во Насоките за развој и имплементација на сеопфатен национален одговор против трговијата со луѓе.[15]

Токму поради ова, процесот на идентификација мора да се смета како дел од процедурата за заштита на жртвите и пружање помош. Сепак, останува фактот дека во случај кога идентификацијата на жртвите на трговија со луѓе се врши заедно со лице кое го спроведува законот, често станува доста тешко да се одвојат процесите на идентификација на жртви од процесот на кривично гонење на прекршителите, процес кој се однесува на сосема различен аспект од борбата против трговијата со луѓе.

[13] Меморандум за меѓусебна соработка, Подгорица,18 Октомври 2007,Бр.07-139, достапно во UN.GIFT & IOM “ Водечки принципи на Меморандум за разбирање помеѓу клучните заинтересирани страни и агенции спроведувачи на законот за борба против трговијата со луѓе” ,март 2009,п.100-114.

[14] OSCE/ODIHR, “Национален механизам за упатување – заеднички напори за заштита на правата на жртви на трговија со луѓе”,Практичен прирачник” Warsaw, 2004, p. 17.

[15] ICMPD, “Насоки за развој на имплементацијата на сеопфатен национален одговор против трговијата со луѓе”, Vienna, 2006, p. 44.

# 2. Врската помеѓу идентификацијата со дефиницијата на трговијата со луѓе

## 2.1. Дефиниција на трговија со луѓе

Како што веќе споменавме, индикаторите за идентификување на жртви на трговија со луѓе се базираат на дефиницијата на трговија со луѓе. Секој индикатор одговара на различен елемент /карактеристика на феноменот-трговијата со луѓе. Затоа е важно да се започне со користење на поширока дефиниција на трговијата со луѓе со цел индикаторите постојано да бидат прилагодени на новите трендови и претходно непознатите манифестации на овој феномен. Ефикасна реакција е неопходна за да се заштитат што е можно повеќе жртви. Обезбедување на пристап до потребната помош за сите жртви треба да биде прв приоритет на органите на кривично гонење.

Дефинициите на трговија со луѓе содржани во домашното законодавство на европските земји се базираат на дефинициите содржани во меѓународни документи против трговијата со луѓе. Основната и прва меѓународно призната дефиниција на трговијата со луѓе е содржана во член 2 во протоколот од Палермо[16]. Член 4 од Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе содржи речиси идентична дефиниција:

а) Под **”Трговија со луѓе”** се подразбира врбување, транспорт, трансфер, засолнување или прифаќање на лица, по пат на закана или употреба на сила и други форми на принуда, киднапирање, измама, злоупотреба на моќ или на позиција на ранливост или давање или примање пари или бенефиции за да се постигне согласност на лицето кое има контрола над друго лице, а резултира со експлоатација. Експлоатацијата вклучува, експлоатација за проституција или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или останати форми слични на ропство, слугување или отстранување на органи;

б) Согласноста на жртвата на “трговија со луѓе” со испланираната експлоатација утврдени во потстав (а) од овој член, не се зема предвид доколку се утврди дека кој било од средствата утврдени во потстав (а) се користат;

в) Врбување, транспорт, трансфер, засолнување или прифаќање на дете за целите на експлоатација ќе се смета за “трговија со луѓе” дури и ако ситуацијата не подразбира некој од средствата утврдени во потстав (а) од овој член;

г) Под “дете” се подразбира секое лице на возраст под осумнаесет години”.

Исто така е важно да се напомене дека многу од елементите кои во моментов се вклучени во дефиницијата на “трговија со луѓе” треба подетално да се дефинираат. Со цел ефикасно да се идентификуваат случаи на трговија со луѓе во практика треба да се знае суштината на поимите како “грабнување”, “измама”, “злоупотреба на моќ”, “позиција на ранливост”, “принудна работа”, “ропство”, “експлоатација”, “злоупотреба на позицијата на ранливост”, итн. Посебна дефиниција на секој од елементите на трговијата со луѓе овозможува да се создаде систем на индикатори кои го карактеризираат секој елемент одделно а на феноменот на трговија со луѓе гледаат во целина, ова ја олеснува примената на практични упатства за идентификација на жртвите на трговија со луѓе.

[16] Член 3 на “Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, посебно жени и деца дополнување на Конвенцијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал”, (2000), UNTS vol. 2237, p. 319.

## 2.2. Елементи на трговијата со луѓе

Трговијата со луѓе се состои од поголем број елементи кои во реални ситуации може да се сретнат во различни комбинации. Дефиницијата за “трговија со луѓе” може да биде поделена во **три главни групи на составни елементи:**

А) **Дејства (активности)** - врбување, транспорт, трансфер, засолнување или прием (прифаќање )на лица;

Б) **Средства**–закана или употреба на сила и други форми на принуда, киднапирање, измама, злоупотреба на моќ или на позиција на ранливост или давање или примање пари или бенефиции за да се постигне согласност на лице кое има контрола над друго лице.

С) **Цели** - ропство или останати форми слични на ропство, слугување или отстранување на органи;

Врз основа на член 4 (с) на Конвенцијата за борба против трговијата со луѓе на Советот на Европа,втората група на елементи “средства” не е релевантен за случаи на трговија со деца. Општо земено, средствата кои се користат од страна на трговците со луѓе претставува најважна група елементи на трговија со луѓе. Исклучувањето на оваа група елементи во однос на трговијата со деца се објаснува со фактот дека децата се подложни на влијание; нивното ограничено животно искуство ги прави полесно манипулитивни и не им дозволува самите да проценат за последиците од своите одлуки. Оттука, кога дете е експлоатирано како жртва на трговија со луѓе, средствата се подразбираат априори, и овој случај не бара дополнителни докази за да се докаже тоа.

Како што споменавме порано, секој случај на трговија со луѓе опфаќа само некои од елементите содржани во нејзината дефиниција. Тогаш се поставува прашањето, кои се неопходни елементи кои треба да бидат присутни со цел да се утврди дека криминалот на трговијата со луѓе е извршен? Во Конвенцијата за борба против трговијата со луѓе на Советот на Европа се наведува дека трговијата со луѓе е комбинација од различни елементи / активности и не е резултат на една единствена, посебна акција.[17] Така, трговијата со луѓе всушност е комбинација која содржи по некоја од горе споменатите акции (А), постигнато со кој било од средства (Б) и со цел во секое од целите на експлоатација (С). Постои, меѓутоа, исклучок во однос на децата: трговија со деца е комбинација од активности (А) и целите на експлоатација (С).

Исто така вреди да се напомене дека случајот на трговија со луѓе е можно да се идентификува уште во почетните фази, односно уште во фазата на вработување или на транспорт, уште пред жртвата да се подложи на експлоатација. Во такви случаи намерата на експлоатација служи како доволна причина за идентификација на тргуваните лица.

Лице кое спроведува идентификација мора да биде добро запознаена со сите елементи на дефиницијата на трговија со луѓе како и на нејзините индикатори, како би донело точна процена. При утврдувањето на тргувано лице треба да се има на ум дека трговијата со луѓе е секогаш комбинација од различни елементи: акти на криминал, методи на влијание и цели (форми) на експлоатација.

[17] CoE Конвенција за акција против трговијата со луѓе и нејзиниот извештај за објаснување, 2005, CETS No. 197, p. 38, paras 75-76,исто достапен на: <http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/trafficking/Source/PDF_Conv_197_Trafficking_Erev.pdf>

## 2.3. Систем на индикатори

Поголем број на индикатори може да се користат при идентификација на жртвите на трговија со луѓе. Како што е веќе забележано, за време на процесот на идентификација на лицето кое е одговорно да ја врши идентификацијата треба да ги спореди информациите кои ги добива од жртвата и индивидуалните околности со специфични индикатори на трговија со луѓе. Секој индикатор опишува еден поинаков конститутивен елемент на правната дефиниција на трговијата со луѓе. Употребата на индикатори му помага на лицето одговорно за идентификација на жртвата за да утврди дали одредени активности како што се регрутирање, транспорт, трансфер, итн. се случиле и дали жртвата била подложена на одреден вид на експлоатација, кои средства биле применети и др. Со оглед на фактот дека одредени индикатори (транспортот, движење, закана, сексуална злоупотреба и др.) прецизно ги одразуваат различните составни елементи на кривичното дело трговија со луѓе (акти, методи, цел) можеме да ги сметаме за **директни индикатори на трговија со луѓе.**

Меѓутоа, во практика често се јавува ситуација кога лицето одговорно за идентификацијата не може да добие доволно информации од интервјуто за да препознае директни индикатори за тоа дали едно лице е жртва на трговија со луѓе. Ова се должи на голем број причини, на пример, кога се претпоставува дека жртвата не е подготвена или одбива да ја каже вистината поради страв или вознемирување, траума. Понекогаш информацијата е доставена од страна на роднините или познајници на жртвата, а не од страна на самата жртва. Во овој случај информациите доставени имаат тенденција да бидат некомплетни. Искусен специјалист мора да поседува доволно вештини за да може да користи **индиректни показатели на трговија со луѓе.** Овие индиректни показатели најчесто се базираат врз основа на истражувања, како и на лична експертиза и искуство, добро познавање на типичен (статистички просек) социјален и психолошки портрет на жртвите на трговија со луѓе, главните патишта на патување во странство, специфичната ситуација и локацијата каде што потенцијалната жртва се наоѓа, како и за други околности од значење за личноста на жртвата и нејзиниот стил на живеење.

Така, сетот на индикатори кои се користат за да се идентификуваат лицата што се тргувани можат да бидат поделени во две групи:

• директни показатели за да се идентификува трговијата со луѓе, кои одговараат (потврдуваат) на составните елементи на правната дефиниција на трговијата со луѓе;

• индиректни показатели за да се идентификуваат можните жртви на трговија со луѓе а врз основа на податоци добиени преку практика и социолошки студии и анализа на вистински случаи на трговија со луѓе (просечен социјален и психолошки профил на жртвите на трговија со луѓе, рути за патување во странство, ситуацијата и локацијата каде што можната жртвата ќе се пронајде, итн.)

## 2.4. Прелиминарна идентификација и конечната идентификација. Претпоставени жртви и жртви

Поради добар дел од причините наведени погоре (страв, вознемиреност, физички и / или психолошки трауми), во практика често не е можно да се добие сеопфатна информација за постоењето на директни показатели на трговија со луѓе, покажувајќи присуство на акции, средства и цели на експлоатација, кои се неопходни елементи за потврда на случај на трговија со луѓе. Во вакви случаи, идентификацијата станува долг процес, и се остварува во повеќе фази.

Во почетната фаза специјалисти одговорни за идентификација на жртвата ќе комбинираат помеѓу директните и индиректните индикатори. Жртви кои се идентификувани на овој начин се сметаат за можни жртви на трговија со луѓе.

ИСКУСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Стандардните оперативни процедури (САП) за третман на жртвите на трговија со луѓе, одобрени од страна на Владата на Македонија,[18] наложуваат потенцијалните жртви да се третираат како жртви сè до конечната одлука. Ако во постапката се утврди дека лицето не е жртва на трговија со луѓе, постои голема можност дека тој или таа била жртва или се подложени на друг начин на експлоатација и затоа им е потребна помош или заштита. Дури и оние кои не ги исполнуваат критериумите за трговија со луѓе треба да добијат соодветна поддршка и упатување кон службите кои ќе ги задоволат нивните потреби, нормално ако жртвите ова го побараат “.

Според меѓународно прифатените стандарди, се претпоставува дека потенцијалните жртви на трговија со луѓе “... се под капата на разни програми за анти-трафикинг, како и во полето на специјални услуги кои им се даваат на овие лица”[19]. Очигледно, ова не подразбира целосен комплет на услуги кои се предвидени со законот за да се обезбеди целосна социјална реинтеграција на тргуваните лица кои се идентификувани како потенцијални жртви. Потенцијалните жртви на трговијата со луѓе сепак треба да се квалификуваат за минимум сервис-пакет кој опфаќа неопходни потреби, како што се пристап до медицинска помош, храна и засолниште. Освен директна помош, пристапот до основната заштита и помош исто така ѝ помага на жртвата да ја поврати довербата во системот што е особено значајно за жртвата да биде способна да го опише она што ѝ се случило. Откако состојбата на потенцијалната жртва ќе се подобри, неопходно е да се преземат мерки за собирање на податоците кои недостигаат за формирање на директни показатели за да се финализирал процесот на идентификација на тргуваното лице.

Процесот на идентификација на жртвите на трговија со луѓе може да се подели во две фази - **прелиминарна и конечна идентификација**. Во текот на прелиминарната фаза, треба да се внимава со користењето на директните и индиректните показатели со цел да се идентификува потенцијалната жртва на трговија со луѓе. Жртвите кои се идентификувани на овој начин мора да добијат пристап до минимален пакет на бесплатна помош.

Прелиминарната фаза на идентификација води до втората фаза на идентификација, односно **конечната идентификација на жртвата, преку употреба на директни показатели на трговија со луѓе**. Откако оваа фаза е завршена и жртвата недвосмислено се идентификува како таква, тогаш тој / таа треба да добие целосен пристап до целиот пакет на социјалните услуги преку кои се обезбедуваат заштита, помош и реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе.

[18] Влада на Р.Македонија/ Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, “Стандардни оперативни процедури за третман на жртвите на трговија со луѓе”, Скопје, 2008, p. 10, достапно на: <http://webapps01.un.org/vawdatabase/uploads/Standard%20Operational%20Procedures%20for%20Treatment%20of%20Victims%20of%20Trafficking.pdf>
[19] OSCE/ODHR, “ Национален механизам за упатување- заеднички напори за заштита на правата на жртвите на трговија со луѓе: Практична брошура” забелешка14, p. 17.

## 2.5. Директни индикатори

Со цел да се обезбеди целосна листа на директни показатели на трговија со луѓе, треба да се започне со темелна анализа на самата дефиницијата на трговија со луѓе, проследено со дефинирање на сите нејзини составни елементи. Целта е да се постигне точен и детален опис на секој од овие елементи, кои во комбинација со други неопходни елементи на трговија со луѓе ќе резултираат со креација на еден сеопфатен систем на индикатори за идентификација на жртвите на трговија со луѓе.

Бидејќи ниту Протоколот од Палермо, ниту конвенцијата за борба против трговијата со луѓе на Советот на Европа не содржат дефиниции на составните елементи спомената во дефинирањето на трговијата со луѓе, потребно е исто така да се земат предвид разни меѓународни и национални документи, за да може да се изготви листа на директни индикатори. Ваквите документи вклучуваат:

• Извештај на конвенцијата за борба против трговијата со луѓе на Советот на Европа[20]
• Закон-модел против трговија со луѓе на Обединетите нации[21]
• Глобалниот извештај, дел од декларацијата на Меѓнародната организација за труд на основните принципи и права при работа[22]
• Насоките за законодавство и спроведување на законот на МОТ "Трговија со луѓе и принудна експлоатација".[23]

Во дополнување на ова од погоре, практичното искуство стекнато од страна на НВО секторот во областа на идентификација на жртвите е исто така многу корисно.

Со цел подобро да се разбере и да се олесни користењето на директните индикатори, се предлага тие да се категоризираат во три различни групи, во зависност од тоа на кој елемент од трговијата со луѓе се однесуваат, односно да се индикатори на акции, индикатори на средства или индикатори на цели.

Како што веќе рековме, елементите од групата Б (средства) не се релевантни за да се утврди дали криминалното дело - трговија со деца, е извршен. Се претпоставува дека незаконските активности врз децата секогаш се сторени со употреба на незаконски средства. Меѓутоа, при анализа на групата Ц (цели на експлоатација) не може а да не се земат предвид и користењето на нелегални средства, затоа што во случај на незаконска принуда на еден човек да работи или да нуди услуги, исто така се претпоставува примена на незаконски средства. Освен ова, пропуштањето на оваа група на индикатори може да предизвика искривување на вистинската слика на трговија со луѓе. Поради ова секогаш се препорачува да се испита присуството на сите видови показатели, дури и во случаи на трговија со деца.

Искуството на различни земји покажува дека создавањето на прецизен опис на елементите на трговија со луѓе и нивна корелација со директните показатели не е едноставен процес. Да се направи разлика помеѓу индикаторите кои се однесуваат на дејства, средства и целите на експлоатација е екстремно тешко бидејќи криминалците најчесто користат слични средства на влијание како би вклучиле и задржале луѓе во ваква ситуација низ сите фази на криминалното дело од врбување па сè до фазата на експлоатација.

[20] CoE Конвенција за борба против трговијата со луѓе и нејзиниот извештај за објаснување, забелешка 17.
[21] UNODC, "Модел закон за борба против трговијата со луѓе", Vienna, 2009, стр.15.достапно на: <http://www.unodc.org/documents/human-trafficking/Model_Law_against_TIP.pdf>
[22] ILO "Глобална алијанса за борба против присилната работа.Глобален извештај под Декларацијата на МОТ за основните принципи и права при работа, 2005" Женева 2005.
[23] ILO." Трговија со луѓе и присилна работна експлоатација. Насоки за законодавството и спроведување на Законот", Женева, 2005.

Исто така вреди да се напомене дека шверцерите користат психолошка манипулација како метод на влијание над жртвите на трговија со луѓе. Овој метод на убедување се заснова на добро осмислена измама. Со користење на овој метод во умот на жртвата се создава двојна илузија: прво дека реалноста одговара на описот обезбеден од страна на криминалците и второ дека да се биде дел од оваа реалност е конечна одлука на самата жртва. На пример, постојат случаи каде што потенцијалните жртви на сексуална експлоатација, пред да бидат подложени на каква било форма на сексуална злоупотреба, биле принудени да живеат со месеци во иста просторија со лица / жртви кои веќе ја прифатиле ситуацијата во која тие се сексуално експлоатирани. Со тоа, трговците со луѓе се во можност да влијаат, дури и потсвесно, врз идните жртви воведувајќи ги во овој свет на очекувано поведение. Во исто време, жртвата постојано се потсетува дека не постои начин за излез од оваа ситуација. Како резултат на тоа тие ја даваат својата согласност да бидат експлоатирани, без никаква очигледна принуда. Понекогаш експлоатираното лице ќе добие минимална парична надомест, ситуација во која трговецот ќе нагласи дека тој/таа ќе заработат доволно во иднина ако останат со трговецот. Во случај жртвата да сака да престане, тогаш таа ризикува да изгуби сѐ. Ова резултира со ситуација каде што жртвата се навикнува на експлоатација, добивајќи за возврат по некој оброк и цигари.

Иако актуелната дефиниција на трговијата со луѓе во меѓународните документи ги потенцира средствата за присилба и измама, таа исто така подразбира и манипулација како едно од средствата. Поради оваа причина листата на директни показатели за идентификација на жртвите на трговија со луѓе треба да биде флексибилна за да може да одговори на новите трендови на феноменот на трговијата со луѓе.

Секоја земја има своја, домашна дефиниција на трговијата со луѓе, па и феноменот на трговија со луѓе има различни карактеристики во различни земји. Затоа овие насоки нема да дефинираат детален и исцрпен список на директни показатели за идентификација на жртвите. Целта на овој документ е да се обезбеди системски пристап кон идентификација на жртвите на трговија со луѓе.

## 2.6. Индиректни показатели

Во одредени случаи ситуацијата во која се наоѓа жртвата/ потенцијалната жртва го отежнува процесот на дефинирање на директни индикатори. Причините за ова се многубројни. На пример, кога жртвата/ потенцијалната жртва не може или не сака да ја каже вистината од страв или кревка психо-физичка состојба; или во случај кога најголемиот дел од информациите доаѓаат од страна на роднините/ пријателите на жртвата кои не ја знаат комплетната приказна. Во вакви случаи лицето кое е одговорно за идентификацијата треба да употреби извесни индиректни индикатори, како на пример:

- Просечен социјален профил на жртвите на трговија со луѓе;
- Просечен психолошки профил на жртвите на трговија со луѓе;
- Плановите на жртвата за емигрирање во странство;
- Правниот статус на жртвата во земјата на дестинација или транзит;
- Лични околности како и карактеристиките на животната средина на жртвите на трговија со лице;
- Други околности поврзани со животот и личноста на жртвата.

**Просечниот социјален профил** на жртвата на трговија со луѓе[24] вклучува податоци за нејзиниот пол и возраст, податоци за статусот на семејството, образованието и работата, брачната состојба, вработување и приходи. Во повеќето случаи жртвите потекнуваат од сиромашни рурални семејства, тие имаат ниско ниво на образование и се невработени.

[24] Rusu V. & Fomina T., "Трговија со луѓе во Молдавија: Коментари,трендови, препораки" Интернационален центар за женски права заштита и промоција" "La strada" Moldova, 2nd ed., Chisinau, 2011, p. 19. Достапно на: <http://www.lastrada.md/publicatii/ebook/Brosura_trafic_eng.pdf>

**Просечниот психолошки профил** на жртвата на трговија со луѓе се базира врз претпоставката дека жртвите на трговија со луѓе развиваат психички трауми кои произлегуваат од нивната физичка и ментална злоупотреба. Искусни професионалци треба да бидат способни да ги препознаат симптомите на таквата траума при самиот процес на идентификација на жртвите на трговија. Ова се некои од индикациите на психолошка траума: дезорганизирано размислување, збунета ментална состојба, нарушувања поврзани со меморијата и сонот, периодични кошмари, високо ниво на нервоза, опсесивно-компулсивно однесување, итн.

**Планови за емигрирање во странство**, односно кој ги прави овие планови и ги покрива патните трошоци за претпоставената жртва на трговија со луѓе. Специфичните детали за организирање на емиграција и патувањето во странство може да послужат како индиректен знак на трговија со луѓе, особено кога патувањето се организира и е платено од страна на трето лице, кога трето лице организира работа во странство, кога трето лице организира за издавање на патни исправи и др.

**Правниот статус на тргуваните лица** во земјата на дестинација или транзит, исто така, може да послужи како важен индиректен индикатор. Често се случува нелегалните мигранти да работат со висок ризик да станат жртви на трговијата со луѓе. Дури и ако тие во земјата влегле легално, но подоцна остануваат незаконски, при тоа не почитувајќи ги одредбите на нивната виза или дозвола за престој.

**Околностите и животната средина** на жртвите на трговија со луѓе главно се однесуваат на специфичните карактеристики на живеалиштето и социјалното / семејно опкружување на тргуваните лица. Типичен пример е кога се претпоставува дека жртвата е опкружен со луѓе кои имаат претходно криминално досие, или биле обвинети за трговија со луѓе. Таквите сознанија може да послужат како индиректен индикатор за прелиминарна идентификација на тргуваните лица.

**Претходна изложеност на насилство** е уште еден важен индиректен индикатор. Податоците од истражувањето покажа дека голем број жртви на трговија со луѓе веќе биле изложени на насилство, обично повеќе од еднаш, долго пред да влезат во круговите на трговијата со луѓе.

ИСКУСТВО НА ГРЦИЈА

Според процесот на формална идентификација содржана во Законот 3386/2005 (изменета и дополнета со Законот 3875/2010) Обвинителот на првостепениот суд издава **посебен акт** за оваа цел. Ова може да се направи или по или пред започнувањето на кривично гонење.

Ако актот е издаден **пред** започнување на гонењето, пред самото издавање на актот потребно е да се приложи писмено мислење кое се дава од страна на двајца специјалисти. Овие експерти мора да бидат **психијатри, психолози или социјални работници** кои се во служба на единици за заштита и помош поддржани од страна на државата, невладините организации, ИОМ и други меѓународни организации или пак работат во специјализирани агенции за заштита и помош признаени од државата.

Актот за формална идентификација може да се издаде и за жртвите кои не соработуваат со надлежните органи. Ова е можно кога јавниот обвинител на Првостепениот суд, со одобрение на јавниот обвинител на Апелациониот суд, одлучи дека жртвата претрпела директна штета по нејзиниот / неговиот физички интегритет или лична и сексуалната слобода, или пак дека постои сериозна опасност по овие слободи или по животот на жртвата.

Врз основа на националните искуства и специфичните карактеристики на феноменот на трговија со луѓе во секоја земја, можно е да се изработат посебни индиректни индикатори кои ја рефлектираат реалноста, и ќе се користат за идентификација на жртвите на трговија со луѓе. Обврската да се оценат околностите на тргуваните лица за целите на идентификација, е исто така спомената во извештајот на Конвенцијата за борба против трговијата со луѓе на Советот на Европа: "Преку процесот на идентификација, надлежните органи бараат и оцена на различни околности, според кои може да сметаат дека одреден човек е жртва на трговија со луѓе."[25]

[25] CoE Конвенција за борба против тровијата со луѓе, дополнителен извештај, забелешка 17, p. 44, para. 127.

# 3. Организациски аспекти и идентификација

## 3.1. Организации и професионалци за извршување на идентификацијата

Врз основа на член 10 од Конвенцијата за борба против трговијата со луѓе на Советот на Европа, идентификацијата на жртвите на трговија со луѓе мора да се спроведе од страна на надлежните органи. Терминот "надлежни органи" се однесува на јавните власти кои можат да имаат контакт со жртви на трговија, како што се полицијата, трудовиот инспекторат, граничната полиција, имиграциските власти и амбасади или конзулати. Конвенцијата, исто така, бара од различни органи да соработуваат едни со други како и со невладините организации кои обезбедуваат помош и поддршка на жртвите[26].

ИСКУСТВО НА УКРАИНА

Учеството на невладините организации во процесот на идентификација има позитивно влијание во воспоставување контакти со потенцијалните жртви на трговија со луѓе. Практиката покажува дека нивото на доверба кон владините институции е обично пониско од она кое го уживаат невладините. Така, вклученост на невладиниот сектор во процесот на идентификација помага жртвата да се подготви да ги преземе неопходните чекори за добивање помош и заштита. На пример, специјалисти на НВО Ла Страда во Украина одговорни за идентификација на жртвите, ги преземаат потребните чекори секоја од потенцијалните жртви да ги добие потребните информации поврзани со помош и заштита која ја нудат владините и не-владините организации. Ова е особено важно во случаите кога жртвата се плаши за нејзината лична безбедност и бара мерки за заштита од страна на органите за спроведување на законот, или пак си ги бара назад личните документи (лична карта, пасош и слично).

Позитивното влијание на невладините организации во процесот на идентификација е исто така илустрирана преку соработката на НВО Ла Страда-Украина со НВО "Faith.Hope.Love." (Одеса). Овие две невладини организации успеаја да добијат дозвола од државната гранична управа за социјален работник на "Faith.Hope.Love." да биде присутен за време на интервјуата на лица депортирани од пристаништето Одеса. Присуство на социјален работник за време на интервјуто овозможува НВО-то да стапи во контакт со потенцијалната жртва на трговија со луѓе, да се здобие со нејзината доверба и да ја информира за достапните услуги, вклучувајќи ги и прифатните центри. Оваа акција резултираше со идентификација на бројни случаи на трговија со луѓе.

Во практика, идентификација на жртви на трговија со луѓе често се прави од страна на полицијата или од страна на специјализирани невладини организации кои обезбедуваат помош за жртвите и потенцијалните жртви на трговијата со луѓе. Идентификацијата на жртвата може да се случи или во земјата на дестинација, во транзитна земја, или во земјата на потекло на жртвата на трговија со луѓе откако тие ќе се вратат назад. Важно е да се напомене дека агенциите одговорни за да се идентификуваат лицата што се тргувани вработуваат кадри кои се квалификувани и способни да ги идентификуваат жртвите на трговија со луѓе и да ги упатат кон релевантните организации и услуги за помош и заштита. Конвенцијата не бара од надлежните органи да имаат специјалисти во областа на трговија со луѓе, но сепак тие мора да имаат обучено квалификувани лица кои ќе помогнат жртвите ефикасно да се идентификуваат.

ИСКУСТВО НА УКРАИНА

Искуството од два региона (административни области) од Украина, каде што Националниот механизам за упатување за првпат беше испробан во 2010 година, покажува дека обуката и квалификуваните специјалисти имаат позитивно влијание врз зголемување на бројот на идентификувани жртви и потецијални жртви како и на квалитетот на услугите

[26] *Ibid, став 129-130.*

кои им се нудат. Образовани специјалисти од различни агенции (на пр. за спроведување на законот, социјални услуги, социјални услуги за деца и млади, итн.) се во можност подобро да ги идентификуваат потенцијалните жртви на трговија со луѓе, дури и во случаи кога лицата не соработуваат. Ова беше особено важно за време на пилот фазата на НМУ во која се одвиваа значајни информативни кампањи со цел да ги информираат жртвите на трговија со луѓе како и јавноста за помошта и заштитата кои жртвите ги имаат на располагање. Искуството покажа дека образованието на експертите од сродни државни институции е важен предуслов за ефикасно функционирање на НМУ.

Трговијата со луѓе е во постојана состојба на менување, затоа е исклучително важно да се обезбеди соодветно следење и анализа на новите трендови кои се однесуваат на начинот на работење на прекршителите, новите методи на влијание врз жртвите и новите начини на експлоатација. Со цел оваа анализа да вроди со некаков плод, потребно е да се екстраполираат овие наоди во секојдневната работа на агенциите за анти-трговија и нивните професионални обуки.

Исто така вреди да се напомене дека постојат бројни други структури кои врз основа на нивната активност често се среќаваат со феноменот на трговија со луѓе, на пример, социјални работници, служби за вработување, лекари и медицински сестри и др. Како би се организирал ефикасен систем за идентификација на жртвите на трговија со луѓе пожелно да се вклучат овие специјалисти уште во фазата на првична идентификација на жртвите. Овие експерти треба да бидат посебно обучени за работа со жртви на трговија со луѓе и нивната улога треба да биде главно насочена кон заштита на интересите на жртвите. Тие треба да бидат обучени за да можат ефикасно да ги информираат жртвите за нивните права, вклучувајќи го и правото да учествуваат или не во кривична постапка, правото да имаат пристап до сеопфатни информации, нивната безбедност, да бидат дел од програма за заштита на сведоци, итн.

Да заклучиме, главната улога на горенаведените даватели на услуги, кои поради природата на нивната работа често се среќаваат со жртви на трговија со луѓе, е да се изврши прелиминарна идентификација и да ги упатат потенцијалните жртви кон надлежните органи одговорни за службена легитимација, заштита и помош.

## 3.2. Методи на идентификација

Двете методи, проактивната и реактивната метода може да се користат во процесот на идентификација на жртвите на трговија со луѓе.

Во проактивната идентификација, обучени специјалисти и / или организации кои нудат помош на жртвите на трговија со луѓе активно преземаат мерки за пронаоѓање на потенцијалните жртви на трговијата со луѓе. За таа цел, потребно е тие да се имаат свежи и детални информации за тоа каде сѐ трговијата со луѓе може да се одвива.

ИСКУСТВО НА ГРЦИЈА
Од 2002 година грчката невладина организација ARSIS започна со работа на улица за идентификација на малолетните-жртви на трговија со луѓе и потенцијалните жртви кои се изложени на ризик од трговија со луѓе и експлоатација. Уличната акција се врши од страна на мешани тимови на двајца социјални работници, еден од нив зборува на јазикот на децата (албански, бугарски или романски). Откако детето е идентификувано како жртва / потенцијална жртва тогаш ARSIS ги презема сите неопходни чекори за да се обезбеди заштита и помош на детето и неговото семејство, на пример, психо-социјална поддршка (дете-семејство); известување и соработка со сите заинтересирани страни (општина, училиште, здравството, социјала и социјални услуги, итн); обезбедување на советодавни и други потребни услуги (правни, вработување, итн); работилници и дополнителна настава за деца; згрижување со одобрение на обвинител за малолетници; репатријација / реинтеграција .

Подеднакво важно е да се најде начин да се исконтактира со потенцијалните жртви и да се отпочне процес за доставување на информации поврзани со нивните права и контакти на организации кои нудат помош. Ова е исклучително важно за подобрување на ефикасноста на постоечките структури, кои сѐ ги идентификува жртвите, како што покажува последното истражување мнозинството од жртвите на трговија со луѓе остануваат неидентификувани.

ИСКУСТВО НА ТУРЦИЈА
Експертите на турската невладина организација Фондација за развој на човечки ресурси редовно го посетуваат Центарот за притвор на странци во Истанбул, за да направат и втор скрининг за време на семинарите за подигање на свесноста или сесиите за психолошка помош наменета за жени мигранти.

Во 2008 година оваа фондација доби дозвола од Генералниот директорат за безбедност да го посетат центарот за странци во Истанбул и да се сретнат со жени кои очекуваат депортација. Во 2009 година организирани се семинари за трговија со луѓе наменети за службениците на полицискиот оддел за странци како и семинари за подигнување на свеста за прашања поврзани со трговијата со луѓе. Овие настани беа проследени со серија средби со оние жени кои побарале дополнително советување. Овие средби, строго доверливи, имаа за цел лоцирање на неидентификуваните жртви на трговија со луѓе. Во текот на овие посети, експерти од фондацијата дистрибуираа подарок пакети за жени (производи за лична хигиена, козметика, итн.)

Во 2010 година, повторно со дозвола на државните органи, фондацијата ја продолжи својата дејност во домот за згрижување. Психолог од фондацијата го посетуваше домот двапати неделно, овозможувајќи им на жените кои биле заинтересирани за советодавни сесии. Покрај обезбедување на психолошка помош, преку овие посети исто така се работело и на идентификација на потенцијалните жртви на трговија со луѓе.

Изработката на планови за проактивна идентификација на трговија со луѓе е важен аспект од работата на граничната полиција. На овој начин државните органи се во можност да дојдат во контакт со лица кои не се свесни дека се експлоатирани од трговците со луѓе или пак дека им се закaнува опасност да станат жртви. Со оглед на тенденцијата на натамошно зголемување на бројот на случаите на трговијата со луѓе и незаконско преминување на границата, овој метод е особено важен за рано откривање и идентификација на потенцијалните жртви и кривичен прогон на прекршителите уште во раните фази.

Случаи на трговија со луѓе може да се идентификуваат и за време на полициски операции на места каде се врши експлоатација на жртви (барови, бордели, салони за масажа и сл.) Сепак, успехот на таквите операции зависи од тоа дали се почитуваат одредени правила при работа со потенцијалните жртви на трговија и способноста на полицијата да соработува со специјализирани невладини организации, имајќи предвид дека жртвите обично имаат поголема доверба во невладините агенции.

ИСКУСТВОТО НА МОЛДАВИЈА
Невладината организација - Меѓународен центар" Ла Страда ", Молдавија има искуство во соработката со полицијата за време на процесот на идентификација на трговија со луѓе.

Психолог, социјален работник и правник на "Ла Страда" се членови на мобилен тим, формиран од страна на различни професионалци (полицијата и НВО). Во моментот кога полицијата ќе прими информации за можна трговија со луѓе, мобилниот тим ќе пристигне на локацијата, во кој било регион на Република Молдавија.
Мобилниот тим постои повеќе од 5 години и обезбедува почитување на правата на жртвите за време на процесите на идентификација и истрага.

**Реактивна идентификација** е неактивна стратегија за идентификување на жртвите на трговија со луѓе во случаи каде самите жртви претпоставуваат дека се жртви или пак нивните блиски праќаат апел за помош, или до полицијата или до специјализирани невладини организации. Со цел овој метод на идентификација да биде ефикасен, жртвите на трговија со луѓе треба да знаат каде да се обратат за помош. Тоа исто така значи дека кампањите специјализирани за подигнување на свеста кампањи насочени посебно кон ранливите групи на жртви на трговија со луѓе, мораат да се одржуваат постојано. Во исто време, специјализираните невладини организации и/ или државните служби, би требало да оперираат линија за помош 24 часа на ден.

Линија за помош или СОС телефон, е телефонска линија која идеално ќе оперира 24 часа на ден, и нуди дискретна поддршка за оние кои имаат потреба од неа. Операторите на оваа СОС линија треба да добијат посебна обука за идентификација на примери на трговија со луѓе, да имаат познавања како да се справат со жртви на трговија и да бидат свесни за посебни постапки кои треба да се следат за обезбедување на помош.

ИСКУСТВО НА УКРАИНА
НВО Ла Страда Украина обично идентификува примери на трговија со луѓе преку СОС линијата која ја одржува. Оваа линије е достапна преку целата територија на Украина. Телефонските консултации се многу ефикасно средство каде повикувачот е во можност да ја задржи анонимноста и на тој начин да се чувствува поудобно. Затоа корисниците на оваа линија се повеќе склони да разговараат околу деталите на нивната ситуација без страв од судот. Фактот дека комуникацијата е чисто вербална, исто така придонесува корисникот да се фокусира на детали од темата на разговор. На овој начин, советникот и повикувачот воспоставуваат првобитен контакт, што е од клучно значење за понатамошна конечна идентификација.

Спецификите на трговијата со луѓе и потребите кои ги имаат жртвите се такви што не дозволуваат специфична структура или тело да има капацитет сама да се справи со проблемот. Од оваа причина мулти-дисциплинарен и крос-секторски пристап е неопходен. СОС линијата може да послужи како врска помеѓу организациите одговорни за спроведување на прелиминарната и конечната идентификација, а исто така може и да придонесе за упатување на идентификуваните жртви на трговија со луѓе кон организации каде што жртвите можат да добијат потребна помош и заштита.

## 3.3. Самоидентификација на жртвите на трговија со луѓе и нејзиното значење

Друг важен аспект на процесот на идентификација лежи во **само-идентификација на жртвите на трговијата со луѓе, односно нивниот капацитет самите да ја анализираат, разберат и прифатат идејата дека тие самите се жртви на монструозно криминално дело какво што е трговијата со луѓе**. Ако потенцијалните или веќе идентификувани жртви не се идентификуваат, односно одбиваат да признаат што навистина се случило со нив барем од правна гледна точка, тогаш тие ќе го одбијат и предлогот за помош, како и соработката во решавањето на овие кривични дела.

Искуството стекнато преку одржување на интервјуа со цел да се идентификуваат случаи на трговија со луѓе покажува дека ако жртвите сфатат дека тие самите се жртви на криминални дела, полесно ќе се соочат со чувствата и емоциите низ кои поминале, и ќе се обидат истите вербално да ги пренесат. Во овој случај, жртвите се повеќе склони да бидат активно вклучени во креирањето и спроведувањето на сопствената рехабилитација и (ре) интеграција.

ИСКУСТВО НА ГРЦИЈА
Добра практика на Грчката полиција:
Надлежниот истражен службеник обезбедува "Информативен лист" на потенцијалната жртва во фазата на прелиминарната истрага. Овој документ, објавен на 13 јазици и потпишан од страна на официјалното лице како и жртвата, содржи информации за правата и заштитата која ѝ се нуди на жртвата, од страна на националното законодавство. Овој документ вклучува листа на индикатори кои може да помогнат потенцијалната жртва да се само-идентификува како жртва на трговија со луѓе со цел да се оствари соработка со истражните органи и органите на прогонот. Во споредба со формите на наведување донесени од страна на меѓународната организација на трудот, индикаторите за наведување не се толку аналитички. Тие вклучуваат еден силен индикатор (ветување за работа) и еден средно силен (начин на живот).[27]

Успехот на самоидентификацијата зависи од поголем број фактори. Табела 1 ги претставува главните фактори кои ја попречуваат самоидентификација на жртвите на трговија со лице, како и насоки кои експертите треба да ги користат за да ја поправаат состојбата.

[27] Информативните листи се достапни на: <http://www.astynomia.gr/index.php?option=ozo_content&perform=view&id=1713&Itemid=0&lang>

## Табела 1. Фактори кои ја попречуваат самоидентификација кај жртвите на трговија со луѓе и насоки за експертите кои вршат идентификација

| | Фактори кои ја попречуваат самоидентификација кај жртвите на трговија со луѓе | Насоки за превенција |
|---|---|---|
| 1. | Трговијата со луѓе е комплексен феномен кој е составен од многу елементи. Жртвата веројатно ќе го поврзе настанот што ѝ се случил само со еден елемент на криминалното дело (на пример, наведување или физичко насилство) | - Објаснете ѝ на потенцијалната жртва на трговија со луѓе, што е трговија со луѓе и од што поточно таа се состои. |
| 2. | Многу често лицата кои страдале не знаат ништо за човековите права и / или не можат да разберат дека истите им биле прекршени. | - Објаснете дека секој човек има одредени права врз основа на раѓање и никој не смее тие права да ги прекрши, на пример, право на слобода и личната безбедност, правото на живот итн. |
| 3. | Жртвите не се свесни за своите права или за фактот дека тие имаат загарантирано право на помош и заштита, предвидени со националното законодавство. | - Објаснете ѝ на жртвата за нејзините права, вклучувајќи го и правото да одбие помош во која било фаза од процесот.<br>- Искористете ги сите можности да им обезбедите на жртвите значајни информации за нивните права (на пример во форма лифлети или брошури) |
| 4. | Жртвите често страдаат од чувство на вина и самообвинување поради тоа што се случило. Ова може да биде симптом на пост-трауматски стрес, резултат на долготрајна виктимизација, одбивање од средината (обвинувања, вербалната и психичка злоупотреба, суровост, итн.) | - Објаснете дека жртвата не сноси никаква морална одговорност за кривичните дела сторени против неа. Целата вина лежи кај прекршителите кои го сториле, или го помогнале криминалното дело.<br>- Дозволете ѝ на потенцијалната жртва на трговија со луѓе доволно време сама да донесе одлука во врска со предложената помош.<br>- Во некои случаи е потребен и психолог, посебно кога ќе се забележи повторување помеѓу состојбите на вина и самообвинување. |
| 5. | Жртвите ја губат довербата во луѓето и не се чувствуваат подготвени да разговараат за она што им се случило избегнувајќи повторно да ги проживеат непријатните сеќавања.<br>Тие, исто така стравуваат дека информациите што ќе ги откријат може да излезат во јавноста. Се чини дека токму ова ја блокира нивната мисла и влијае негативно по нивната подготвеност да ја согледаат ситуацијата. | - Информирајте ја жртвата за тоа дека принципот на доверливост се почитува.<br>- Жртвата треба да се информира дека може да добие социјална помош а во исто време и да ја зачува анонимноста.<br>- Информирајте ја жртвата дека помош ѝ следува како и обезбеден пристап до рехабилитациски услуги во истиот момент штом жртвата ќе биде подготвена на тоа.<br>- Жртвата треба да знае дека во кој било момент таа може да прифати/одбие програма или помош.<br>Никогаш не инсистирајте на тоа дека жртвата прави посебна одлука. Наместо тоа, обидете се да создадете безбедна атмосфера и помогнете ѝ да одлучи да го направи првиот чекор.[28]<br>- Понудете му на вашиот испитаник листа со контакт организации кои даваат услуги (вклучувајќи ги и оние кои се наоѓаат во неговиот регион), нека испитаникот знае дека социјалниот работник може во негово име да ги контактира овие специјализирани организации |
| 6. | Жртвите веруваат дека тие не заслужуваат да им се помогне, тие се свесни дека средината често ги обвинува жртвите на сексуална експлоатација. | - Погрижете се за да ги информирате жртвите за можноста да добијат помош од специјализирани установи кои нудат релевантни информативни материјали. |
| 7. | Припадништво на малцинство и случаите на трговија со деца, недостаток на животно искуство или ментален хендикеп ги попречува жртвите да согледаат што точно се случило. | - Ангажирање на квалификуван специјалист/психолог со работно искуство во интервјуирањето деца и/или психолог способен за откривање на проблеми со менталното здравје и траги на насилство.<br>- Предложете помош, ментална и социјална рехабилитација доколку е потребно. |

[28] Интернационален центар за женски права заштита и промоција "Ла страда Молдова" "Социјална помош на жртви на трговија, посебно жени. Брошура за социјални работници и психолози" 2nd ed.., Chisinau, 2005, pp. 54-58.

# 4. Практични аспекти за водење на интервју со жртви на трговија со луѓе

## 4.1. Организација на интервју

Потенцијалните жртви на трговија со луѓе може да бидат интервјуирани или на телефон или во живо.
Често, жртвите на трговија со луѓе за прв пат прозборуваат за нивното искуство на СОС линија. Тие се привлечени од условите на анонимност и доверливост а и со фактот што најчесто овие повици се бесплатни. Како по правило, жртвите кои ја повикуваат СОС линијата бараат специфичен тип на помош, но во исто време тие не сакаат да одат во детали поврзани со тоа што им се случило. Оттука, советникот кој работи на СОС линијата треба да биде обучен да направи прелиминарна идентификација и да ѝ помогне на потенцијалната жртва да донесе одлука дали тој или таа би сакала да се види со специјалист. За разлика од индивидуалните, лице в лице интервјуа, интервју спроведено преку телефон може да биде прилично тешка задача. Од друга страна, овој тип на интервју има и свои предности, на пример повикувачот има слобода да го прекине разговорот во кое било време и се чувствува безбедно (особено во оваа прелиминарна фаза), бидејќи сите информации се третираат како доверливи.

ИСКУСТВО НА СРБИЈА
Добра практика на НВО АСТРА:
НВО АСТРА работи на СОС линија за помош, која е специјализирана телефонска линија и е на располагање 24/7. Линијата е наменета за идентификација и обезбедување на непосредна помош на жртвите на трговија со луѓе, како и за спречување на трговијата со луѓе, преку обезбедување на потенцијалните мигранти со информации за безбедна миграција и опасноста од трговијата со луѓе.

**Идентификација на жртви на трговија со лица, почнува со интервјуа со лицата кои се јавуваат,** пријавуваат исчезнати лица за кои се верува дека се вклучени во синџирот на трговија со луѓе синџир или со лица кои штотуку излегле од оваа ситуација и пријавување на случајот.

**Само прелиминарна идентификација може да се направи за време на почетните телефонски разговори.** Сепак, консултантите на СОС линија веднаш ги преземаат сите потребни чекори за обезбедување на потребната помош. По нивната прелиминарна идентификација, жртвите се заведени во АСТРА дневниот центар за финална идентификација, процена на потребите и разработка на специфичен акционен план.

Со цел правилно да се процени ситуацијата, важно е да се задржи директен контакт со лицата за кои се претпоставува дека се тргувани, нешто што во одреден момент ќе овозможи, директен разговор, лице в лице кој ќе помогне да се изгради доверба. Директната комуникација нуди многу предности. На пример, овој тип на интервју овозможува да се оствари не само вербална, но исто така и визуелна комуникација. Невербалната комуникација помага на површина да излезат емоции и чувства кај жртвата, особено кога се зборува за такви чувствителни прашања како што се условите во кои се врши експлоатација. Потврдно климање со главата, мимики, гестикулација, држење - сите овие елементи ќе помогнат за подобро да се разбере тонот на гласот кај жртвата, контекстот и да се пополнат информациите кои недостигаат.

Овие интервјуа обично се одржуваат во центрите за згрижување, канцеларија или живеалиштето на жртвата. Важно е да се најде мирна и безбедна средина со цел интервјуто да се одвива без пречки и нарушувања. Присуство на трета страна во интервјуто не е дозволено, освен ако тоа не е желба на жртвата. Оној што се интервјуира треба да се чувствуваа комотно и безбедно во местото избрано за одржување на интервјуто во спротивно таа / тој потешко ќе се отвори.

Пожелно е оној што го води интервјуто да е од ист пол како и лицето за кое се претпоставува дека е жртва на трговија со луѓе. Имајки ја предвид специфичноста на психолошката траума која ја трпат жените подложени на сексуална експлоатација, ова може да помогне за време на интервуто испитаникот да се стекне со поголема доверба што ги зголемува шансите идентификацијата да биде ефикасна.

Ако лицето за кое се претпоставува дека е тргувано е странец и не го зборува јазикот на земјата во која се наоѓа, неопходно е да се обезбеди присуство на преведувач и ако е потребно културен медијатор.[29]

ИСКУСТВО НА ГРЦИЈА
Во случаи поврзани со деца жртви на сексуална експлоатација, Законот 3625/2007 кој го ратификува протоколот на ОН кон конвенцијата за правата на детето за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија, ја воведува следнава постапка:

Детски психолог (ако не е достапен, тогаш општ терапевт / психолог) мора да биде присутен и да соработува со детето додека трае сведочењето. Психологот го подготвува детето за интервју и е присутен во текот на целото интервју. Тој составува писмен извештај за менталната состојба на детето и неговата перцепција. Оваа постапка, може да послужи како модел при интервјуирање малолетници во својство на нивна идентификација како жртви на трговијата со луѓе.

**Идентификација на малолетни жртви на трговија со луѓе треба да се врши во присуство на нивните родители или старатели**. Неопходна е соработка со организации кои нудат социјални услуги за заштита на малолетните лица, со цел да се покани претставник од овие организации во случаи каде правното старателство на малолетникот е доделено на секторот за социјални услуги.

ИСКУСТВО НА УКРАИНА
Пример за развој на постапки кои ставаат особен акцент на детето, во центар на случаите со трговија со луѓе, е една од иницијативите на Ла Страда-Украина а тоа е создавањето на т.н. "зелена соба". Овие простории се користат за интервјуирање на деца кои се жртви од насилство, вклучувајќи овде и случаи на трговија со луѓе. Тие се опремени со посебен мебел, играчки, итн., и тие исто така имаат и камери и огледала кои им овозможуваат на специјалистите / власти непречено да го набљудуваат лицето надвор од собата. Овие интервјуа се снимени со цел да се искористат во судските постапки како би се избегнала повторна трауматизација на детето.

[29] ICMPD, "Упатства за развој на меѓународен механизам за упатување на тргувани лица Југоисточна Европа", *забелешка* 10, p. 44.

Ла Страда-Украина има опремено една “зелена соба” во Киев, која веќе функционира и е во процес на опремување на уште една зелената соба во Одеса. Но, поради постоечката правна рамка, сепак сѐ уште не е можно и снименото интервју да се искористи во судот и покрај фактот дека со ова се намалува траумата кај жртвата-сведок.

## 4.2. Комуникација со жртви на трговија со луѓе

Одржување на интервјуа со лица за кои се претпоставува дека се жртви на трговија со луѓе претпоставува почитување на некои основни правила кои се веќе опишани во специјализирани, како и во некои помалку специјализирани публикации, на пример во Етички и безбедносни препораки за интервјуирање на тргувани жени на СЗО.[30]

Интервјуа со претпоставени и вистински жртви на трговија со луѓе како би се извршила нивна идентификација **мора да се базира на почитување на човековите права, односно да го вклучува овој пристап (види стр. 1.4 од овие насоки)**како и со должна почит за следните **етички принципи:**
• почитување на мислењето на испитаникот;
• внимателен избор на јазикот во составување на прашања, прашањата треба да бидат меки, љубезни и тактични, треба да се избегне изнесување на категорични мислења;
• процена на ризикот за испитаникот и обезбедување на сите безбедносни мерки каде што е потребно;
• компетентност и одговорност на оној што го врши интервјуто;
• други етички принципи (на пример, доверливост, пристап без осуда).

За време на интервјуто, оној што го води интервјуто треба да му се обраќа на лицето кое е интервјуирано со едноставни, кратки и недвосмислени прашања. На овој начин е полесно да се добијат попрецизни и појасни одговори. Од истата причина, подобро е да се избегне користењето на законска и други професионална терминологија којашто може да прозвучи чудно и да создаде непотребна бариера за неформална дискусија.

Како по правило, испитаниците обично кријат некои детали кои можат да бидат особено важни за нивна правилна идентификација како жртви на трговија со луѓе. Во овој случај оној кој го врши интервјуто треба да ѝ пријде на ситуацијата дискретно, во исто време треба да се распраша дали можеби испитаникот заборавил да спомене некои детали или можеби не е подготвен/а да ги сподели. Ако обвинетиот сѐ уште одбива да сподели одредени детали, не е препорачливо да се инсистира затоа што таа/ тој веројатно ќе ги спомене во некоја подоцнежна фаза.

Со цел да се воспостават добри односи со жртвата препорачливо е во текот на разговорот да:
• користење на слична интонација и начин на говор како и испитаникот;
• да се внимава на реакциите на испитаникот за време на кратките паузи;
• избегнувајте подолги паузи во дискусијата бидејќи тоа може да го прекине текот на разговорот;
• одржување на визуелен контакт со испитаникот во текот на целата дискусија;

[30] Zimmerman, C. & Watts C., Етички и сигурносни препораки на Светската здравствена организација за интервјуирање на тргувани жени””, WHO/ London School of Hygiene &Tropical Medicine,Geneva, 2003. Видете исто така Mitchels, B.Ајде да зборуваме. Развој на ефективна комуникација со деца жртви на злоупотреба и трговија со луѓе”, UNICEF (Мисија во Косово), 2004 ;Интернационален центар за женски права заштита и промоција”Ла страда” Молдавија. “Социјална помош на тргувани лица, посебно жени.Брошура за социјални работници и психолози” забелешка 28.

• прифатете ги зборовите на испитаникот, дури и ако верувате дека одредени точки во неговиот/ нејзината приказна се дискутабилни;
• покажете солидарност и поддршка кон испитаникот;
• избегнувајте користење на прашалник, комуникацијата треба да биде пријателска и неформална;
• покажете емпатија за страдањата кои испитаникот ги искусил/ а;
• потенцирајте ги, кога е соодветно, силна страна во однесувањето и карактерот на испитаникот.

Сите точки изнесени погоре ќе и/му помогнат на испитаникот да се чувствува поудобно како и разговорот да биде искрен и отворен.

## 4.3. Информации и процена на потребите

Пред одржувањето интервју потенцијалната жртва на трговија со луѓе треба да биде известена дека информациите добиени на интервјуто ќе се чуваат во тајност. На испитаникот, исто така, треба да му биде јасно дека има право да одбие да одговори на прашања како и да го прекине интервјуто во кој било момент.

Испитаникот, исто така, треба да биде информиран за тоа како добиените информации ќе се користат. Неопходно е да се објасни дека информациите добиени во интервјуто ќе бидат подоцна искористени за целите на борбата против феноменот на трговија со луѓе (на пример за создавање на просечен профил), општо за спречување на појавата на случаи на трговија.

ИСКУСТВО НА АЛБАНИЈА
Националниот механизам за упатување на Албанија за подобрена идентификација и помош на жртвите на трговија со луѓе беше усвоен на 18 јули 2005 година.[31] Анекс I кон НМУ под наслов “Инструкции за определување на вистински, претпоставени, или потенцијални жртви” содржи општи принципи и инструкции за спроведување на интервјуа со потенцијални жртви на трговијата со луѓе:
• Испитаникот и оној кој го врши интервјуто мора да бидат способни да комуницираат на заеднички јазик: испитаниците кои не може да комуницират на јазик разбирлив за лицето кое го врши интервјуто треба да се третира како упатена (како можна жртва на трговија со луѓе) се додека директна комуникација не се воспостави.
• Интервјуа треба да се спроведува во една приватна просторија, без присуство на други лица освен во случај на малолетници, кои се интервјуираат во придружба на нивните родители како што е наведено подолу.
• Интервјуа треба да се спроведуваат од страна на специјално обучен персонал.
• испитаниците треба да бидат информирани за принципот на доверливост и анонимност.
• испитаниците треба да бидат информирани за тоа како информациите ќе се користат.
• Оној кој го води интервјуто мора да има добиено согласност од испитаниците за да се заврши процесот на интервју. Ако испитаникот не се согласува, тој/ таа мора да биде слободен да го прекине интервјуто и да си замине.
• Интервјуата може да се одвиваат преку извесен период, не мора сѐ да се утврди одеднаш.

[31] „Договор за соработка со цел постигнување на национален механизам за упатување за зајакната идентификација и помош на жртвите на трговија со луѓе” Тирана, 18 Јули 2005, достапно на: <http://www.legislationline.org/documents/action/popup/id/6224>

Лицето за кое се претпоставува дека е тргувано треба да биде информирано за основните човековите права - т.е. права кои ги уживаме сите, вклучително и жртвите на трговија со луѓе и нивните соодветни обврски. Детални информации во врска со следниве области, исто така треба да се образложат:[32]

• Период на закрепнување и рефлексија;
• Достапни услуги (сместување, советување, итн);
• Систем на заштита, вклучувајќи програми за заштита на сведоци;
• Можни следни чекори на упатување;
• Тековна загриженост за безбедноста

Специјалистот кој го спроведува интервјуто треба да го извести лицето за кое се претпоставува дека е тргувано дека главната цел на интервјуто е да ги идентификуваат и да ги решат нејзините/ неговите основни потреби како и да се обезбеди ефикасна помош и заштита внимавајќи на основните човекови права на жртвата.

Важно е да се запамети дека голем број од жртвите на трговија со луѓе решаваат да се пријават за помош само откако ќе се најдат во екстремно тешки ситуации. Затоа процесот на идентификација обично е придружен и од потребата за итно решавање на основните потреби на лицето за кое се претпоставува дека е жртва на трговија со луѓе.

Следниве основни потреби треба да се исполнат пред да се започне со испрашување:[33]

• Храна
• Вода
• тоалет и основна хигиена
• Чиста облека
• Одмор
• Приватност
• Итна медицинска нега
• Можност за контакт со членови на семејството.

## 4.4. Рана процена на ризикот

Оној кој го врши интервјуто треба да се обиде да се дознае сè за постојните ризици по животот и физичкото и менталното здравје на испитаникот.

Поради тоа е неопходно да се идентификува односот помеѓу трговецот со луѓе и испитаникот како и можните ризици, на пример, ако испитаникот или членовите на неговото семејство добиле закани од трговците со луѓе. Доколку е потребно, оној кој го прави интервјуто мора да ја контактира полицијата и да побара од нив лична заштита за лицето за кое се претпоставува дека е жртва.

[32] ICMPD, "Упатства за развој на меѓународен механизам за упатување на тргувани лица Југоисточна Европа", *супра*нота 10, p. 3.
[33] *Ibid*, стр. 38-39.

Исто така треба да се има на ум дека одржувањето интервју наметнува одредени ризици по психолошката стабилност на интервјуираното лице, како реминесценција на страдањата кои оваа личност ги поминала може да предизвика повторување на дисбалансирана емоционална состојба. За време на интервјуто, жртвата може да се развие и манифестира симптоми на психолошка траума, како на пример главоболки, апатија, чувство на беспомошност, неможност да се концентрира на дискусијата, екстремни чувство на вина, искривена перцепција за време, провокативно или агресивно однесување, негирање на насилството кое го доживеале или обиди да се минимизираат последиците врз нивното здравје итн. Затоа, интервјуата кои имаат за цел идентификување на случаи на трговија со луѓе треба да се спроведуваат од страна на искусни експерти способни за препознавање на непосредните потреби на жртвата кои треба да бидат задоволни, е нивен приоритет. Лицето кое го води интервјуто треба да биде подготвено да ја прифати одговорноста да се направи подготовка за понатамошна помош која на жртвата и е потребна и од други квалификувани лица.

Оној кој го води интервјуто исто така треба да има на ум дека луѓето се склони да потиснуваат одредени болни искуства и ќе искусат тешкотии обидувајќи се да се сетат на нив. Во случај кога тоа е потребно за целите на идентификација тој може да постави неколку внимателно избрани прашања, но сепак забранeто е да се инсистира на тоа, испитаникот на сила да се потсети на инциденти кои се за неа/ него непријатни или трауматични. Кога се допира прашањето на експлоатација, лицето кое го води интервјуто мора да избегне поставување на прашања кои можат да предизвикаат емоционален одговор, бидејќи ова често може да доведе до повторна виктимизација.

При раната процена на ризикот за детето за кое се претпоставува дека е жртва, исто така, мора да се земе предвид најдобриот интерес на детето, нешто што обично ќе биде утврдено од страна на нејзиниот / неговиот назначен старател.

ИСКУСТВА НА БУГАРИЈА
Во Бугарија, националниот механизам за упатување и поддршка на лицата што се тргувани е формиран од страна на владини и невладини организации, и со него се предвидува постапка на процена на ризикот кој трае. Тој процес започнува со идентификација на жртвите на трговија со луѓе и продолжува во текот на сите фази од истрагата, кривичното гонење, и реинтеграција.

Во моментот на идентификација на жртвите на трговија со луѓе, процената на ризикот се врши по прашање на непосредната опасност по здравјето и животот на жртвата - вклучувајќи елементи како што се итни медицински потреби, опасност од повторување како и историја на насилство. Процената на ризикот за време на идентификација директно зависи од личната засегнатост на жртвата како и објективната процена на лицето кое го води интервјуто.

Процената на ризикот се врши во текот на почетното интервју со жртви на трговија со луѓе, на безбедно место, кога таа / тој може и сака да зборува, и вклучува неколку чекори: вклучување на тргуваните лица во процесот на процена на ризикот; развој на план за заштита; ревизија на процената на ризик и на планот за заштита на секој контакт со жртви на трговија со лице и после секој нов развој на настаните во случајот. Организациите вклучени во идентификација и ре-интеграција жртвите во рамките на НМУ во Бугарија ревидира безбедност планови и прави процена на ризикот по секој контакт со тргуваните лица.

Меѓународен центар за промоција и превенција на правата на жената"Ла Страда" Молдавија , Тематска публикација "La Strada EXPRESS", Vol. 2: "Идентификација на тргуваните лица". Попрецизно: Petrova, D. & Kojuharova, N., "*Psychological Aspects of Identification of Trafficked Persons*", стр. 41, достапно на: <http://www.lastrada.md/publicatii/ebook/Express_2_eng.pdf>

## 4.5. Периодот за рефлексија (за размислување)

Периодот на размислување (рефлексија) може да се дефинира како период на време, должината варира во согласност со националното законодавство, кој има за цел да му овозможи на лицето за кое се претпоставува дека е тргувано да закрепне, избега од влијанието на трговците со луѓе и да донесе информирана одлука за нејзината/неговата иднина, во целосна согласност со одредбите за човекови права.[35]

Периодот за размислување треба да се додели без разлика на желбата на лицето да соработува како сведок[36] и треба да биде проследен со доделување на (привремена) дозвола за престој. Соработка со надлежните органи треба да биде, во која било фаза во процесот, доброволна и во никој случај не е предуслов лицето да се стекне со статус и права на тргувана жртва. Исто така, додека трае периодот на рефлексија, не смее да се отпочне со постапка за протерување.

Периодот на закрепнување и размислување, исто така, служи и за да се подигне довербата кај тргуваното лице во однос на државата, како и да се промовира нејзината способност да ги заштити интересите на тргуваното лице.

Како резултат на тоа, главната цел на периодот на закрепнување и размислување треба да биде:

• временски период кој ќе ви овозможи жртвата на трговија со луѓе да закрепне и да избега од контрола на трговците. Според член 13 од Конвенцијата за борба против трговијата со луѓе на Советот на Европа, овој период не може да биде помалку од 30 дена, и покрај тоа што постојано се укажува на тоа дека периодот за размислување треба да биде најмалку три месеци.[37]

• Спречување на отстранување на жртви на трговија со луѓе од земјата, пред нивниот статус да биде утврден.

• Да се обезбеди соодветна помош и заштита како би се одговорило на непосредните потреби на жртвата.

• Обезбедување на помош и заштита, без оглед на тоа дали жртвата соработува или не со властите.

ИСКУСТВО НА ГРЦИЈА

На идентификуваните **потенцијални жртви** на трговија со луѓе се нудат три месеци период на рефлексија, време во кое ним им **следува помош**. Во текот на периодот на закрепнување на претпоставената жртва, таа не може да биде депортирана.

Според законот, за време на периодот за размислување жртвите на трговија добиваат пакет на основни услуги **на помош и заштита, вклучувајќи ги и здравствената, психолошка поддршка, засолниште, храна, потребна правна помош и заштита и безбедност** од страна на надлежните органи.

Откако периодот на размислување ќе заврши, целосен пакет на услуги (вклучувајќи ги и дозволата за престој и како и пристап до пазарот на трудот) се обезбедува само кај оние лица кои се идентификувани како жртви (за разлика од оние

[35] Европска Комисија, Извештај на експертската група за трговија на луѓе, Брисел, 2004, стр. 105-106, 173 достапна на линкот долу: <http://ec.europa.eu/anti-trafficking/download.action?nodeId=977ca985-90c5-4520-baa5-57a914aa4ddc&fileName=Report+22+Dec_en.pdf&fileType=pdf>

[36] Конвенција за борба против трговија со луѓе на Советот на Европа и нејзиниот извештај со пајаснувања, 2005, супра нота 17, артикли 13 и 14.

[37] Види: ЕУ Експертска група за трговија со луѓе, осврт кон периодот за рефлексија и дозвола за престој за жртви на трговија со луѓе, (16 април 2004) и Мислењето бр.4/2009 (16 јуни 2009 година).

за кои само се претпоставува дека се жртви) од страна на надлежниот орган како што е обвинител во првостепениот суд. Идентификувани жртви имаат дополнителна право да аплицираат за дозвола за престој во траење до 12 месеци. Оваа дозвола за престој им дава на жртвите и пристап до пазарот на трудот, како и право на учество во стручна обука програми водени од OAED или други организации.

Од септември 2010 година, идентификацијата на жртвата веќе не зависи од нејзината подготвеност да учествува во кривичната постапка против сторителите. Затоа што двете дури од скоро се независни останува да се види како точно ова ќе фунционира во практика на пример колку долго помош и поддршка ќе им следува на оние жртви кои одбиваат да соработуваат со властите. Како позитивен пример, до сега имало неколку случаи од воведувањето на новиот закон, во кои жртвите се ефикасно идентификувани, дури и кога тие не можат да или не сакаат да соработуваат со властите.

# 5. Идентификација и собирање на податоци

## 5.1. Препораки за содржината на прашалниците кои се користат во процесот на идентификација

Стандарниот прашалник кој се користи во интервју со лице за кое се претпоставува дека е жртва на трговија со луѓе, овозможува да се соберат информации со цел:

• Идентификација на жртви на трговијата со луѓе, и лица за кои се претпоставува дека може да станат жртви;
• рана процена на ризикот и основна процена на потребите за да се обезбеди пристап на жртвите на трговија со луѓе до неопходната заштита и помош;
• компилација на податоци поврзани со феноменот на трговија со луѓе.

Собирањето на податоци е неопходно за да се извлечат општи заклучоци порзани со феноменот на трговија со луѓе, за идентификување на главните извори на проблемот и за осветлување на фактори на влијание и нови трендови. Акумулација и анализа на информации придонесува кон развојот на насоки за подобрување на системот за борба против трговијата со луѓе. Таа, исто така го спречува ширењето на оваа појава и придонесува кон пружање на подобра помош и заштита на жртвите на трговија со луѓе.

ИСКУСТВОТО НА МОЛДАВИЈА
Стандарден прашалник за идентификација на жртвите на трговијата со луѓе е тестиран во различни региони на Молдавија и се покажа како доста ефективна алатка дел од националниот систем за упатување на жртви и потенцијални жртви на трговија со луѓе[38]. Прашалникот го зема предвид искуството на водечките невладини организации и на ИОМ мисија во Молдавија, и се базира на веќе применети индикатори. Прашалникот се користи како алатка за упатување на жртвите на трговија, обезбедувајќи помош и заштита. Употребата на прашалникот, исто така, помогна да се избегне повторното интервју и повторна виктимизација на жртвите на трговија со луѓе. Во прилог на истакнатото погоре, дистрибуцијата и употребата на прашалникот на локално ниво од страна на обучени социјални работници резултираше со зголемување на бројот на идентификувани жртви на трговија со луѓе.

Преку стандарден прашалник треба да се соберат информации за:

1) директните показатели на трговија со луѓе;
2) индиректните показатели на трговија со луѓе;
3) потребите на жртвата со цел да се изработи индивидуален план за нивна рехабилитација / реинтеграција и да и се пружи брза и ефикасна помош и заштита;
4) можните ризици по животот, физичкото и менталното здравје на жртвите на трговија со луѓе;
5) други релевантни податоци.

Важно е изработката на стандарден прашалник и неговите придружни упатства да биде заеднички напор на владини, невладини и меѓународни организации, активни во борбата против трговијата со луѓе. Преку ваква соработка може да се искористи искуството и добрите практики на сите активни тела во борбата против трговијата со луѓе, се обезбедува поширока имплементација на добиените резултати како и поточна анализа на национално ниво.

Земајќи ги предвид постојните правни дефиниции во земјата, како и одбраниот пристап кон имплементација и развој на структурите за соработка при упатувањето на жртви на трговија со луѓе, Молдавија одлучи да го користи терминот “Национален систем” наместо на “Национален механизам”.

**Елементи кои треба да бидат вклучени** во стандардниот прашалник за идентификување на жртви на трговија со луѓе може да се најдат во табелата подолу. Треба да се напомене, дека иако прашалниците се корисна алатка за прибирање на информации што може да придонесат за идентификација на жртвите на трговија со луѓе, прашалникот сепак треба да се користи со претпазливост и само од страна на обучен персонал, затоа што пренагласен акцент на извесни однапред осмислени прашања може да влијае негативно на пример да се пропуштат други, витални информации кои не се покриени со прашалникот. Поради оваа причина прашалникот не треба да се подразбере како сеопфатен во секој поглед.

## Табела 2. Клучни препораки за содржината на прашалникот за идентификување на жртви на трговија со луѓе

| Опис на предметот | Елементи кои се препорачува да се вклучат |
|---|---|
| **1. лични информации** | o Полно име / лична карта<br>o Контакт телефон<br>o Датум и место на раѓање<br>o Пол<br>o живеалиште<br>o образование<br>o Брачна состојба<br>o Број на деца<br>o Датум кога се вклучиле во трговијата со луѓе<br>o Датум кога се ослободени од експлоатација/ состојбата на трговија со луѓе |
| **2. фактори кои го олеснуваат прифаќањето на сомнителни предлози за патување во странство или работа** | **1. Сиромаштијата и невработеност**<br>o Ниво на стручното образование<br>o Евиденција за вработување и висина на приходи, пред да се отпатува во странство<br>**2. Распадот на семејни врски**<br>o Контакти и однос со родителите<br>o Односи со семејството<br>o Насилство и конфликти во семејството / надвор од семејството<br>o Вредности<br>**3. Недостатокот на информации за** феноменот на трафикинг<br>**4. Друго, ве молиме наведете** |

| 3. Директни индикатори на трговија со луѓе | |
|---|---|
| **3. А. Дејства** | **Врбување**<br>1. Методи на врбување (фиктивни понуди за работа, фабрикувани работни позиции, загарантирана работа, тип на активност и индустрија каде што лицето би требало да работи итн.)<br>2. Податоци за понудувачот (правно лице или физичко лице, пол, возраст итн.)<br>3. Врска со понудувачот на работа (роднина, сосед, пријател, познајник, други)<br>4. Место на вработување (работа, семејство / пријателска средина, реклама, случајно, други)<br>5. Кој ја прави понудата/ ги покрива трошоците за добивање на потребните патни документи и дозволи за работа и транспорт<br>6. Дали информациите за овој аранжман се чувани во тајност од роднините<br>7. Други детали за вработувањето<br>**Транспорт**<br>1. Потврда на фактот за транспортирање на жртвата на трговија со луѓе од местото на постојан престој на друга локација во рамките на територијата на земјата (внатрешна трговија со луѓе) или во странство (наведете ја дестинацијата и транзитната земја)<br>2. Начини на преминување на границата на земјата<br>o Легален премин на границата<br>o Илегалниот премин на границата<br>o Употреба на фалсификувани документи и / или визи<br>3. Начин на транспорт<br>o Индивидуален<br>o Група<br>4. Вид на превоз кој се користи<br>5. Друго, ве молиме наведете<br>**Трансфер/ Прифаќање**<br>1. Информации за трансферот на тргуваната жртва од матичната земја, транзит или дестинација<br>2. Информации за размената на пари или друг тип на корист во размена за трансфер на тргуваното лице<br>**Чување**<br>1. Информации за чување на тргуваното лице со цел да се осигури дека истото нема да стапи во контант со полиција, или други лица и организации кои би можеле да ѝ помогнат<br>2. Можности да се избега од местото каде жртвата е чувана |

| | |
|---|---|
| **3. Б. Средства** | **Употреба на следните средства на влијание:**<br>o Закана со физичко/ ментално насилство<br>o Физичко и психичко насилство<br>o Мачење<br>o Нечовечно, деградирачко однесување со цел жртвата да се натера на субмисија<br>o Силување<br>o Киднапирање<br>o Конфискација на лични исправи<br>o Измама<br>o Злоупотреба на ранливост<br>o Злоупотреба на позиција на сила<br>o Давање или примање на пари и други бенефиции за да се обезбеди согласноста на некој кој има контрола врз друго лице<br>o Злоставување и физичка зависност<br>o Ограничување на слободата на движење<br>o Други |
| **3. С. Цел на експлоатација** | 1. **Достапност на индикатори за експлоатација:**<br>o Принудна работа или услуги<br>o Комерцијална или некомерцијална сексуална експлоатација<br>o Ропство или практика слична на ропство<br>o Насилна регрутација при вооружени конфликти<br>o Принудно учество во криминални активности<br>o Отстранување на органи / ткива / други делови од човечкото тело за пресадување<br>o Принудната употреба на жена како сурогат мајка<br>o Нелегално посвојување со цел на експлоатација<br>o Принудно просење<br>o Друго |
| **4. Индиректни индикатори на трговија со луѓе** | 1. Степен на корелација на собраните податоци со статистичкиот просек на социјалниот профил на тргуваните лица (полот и возраста на жртвата, податоци за статусот на семејството, образованието и занимање, брачна состојба, вработување и висина на приходи)на денот на кој лицето е вклучено во трговија со луѓе.<br>2.Психолошката состојба на лицето за кое се претпоставува дека е тргувано и степенот на корелација на статистичкиот просек на психолошкиот просек (присуство на индикатори на психолошка траума: конфузно размислување, нарушена меморија и сон, кошмари, високо ниво на нервоза, компулсивно однесување и др.)<br>3. Аранжмани за емигрирање во странство: кој бил задолжен за аранжманите? Кој и како ги покрива патните трошоци?<br>4. Правниот статус на претпоставената жртва во земјата на дестинација или транзит.<br>5. Лични околности и животната средина на тргуваните лица, специфичните карактеристики на живеалиштето и социјалното/семејно окружување, во споредба со други познати случаи на трговија со луѓе. |

| | |
|---|---|
| 5. **Општ опис на случај на трговија со луѓе** | 1. Детален опис (историја) на случај на трговија со луѓе.<br>2. Податоци за методите кои се користат за регрутирање, аранжманите за патување во странство, условите на експлоатација, информации за ослободувањето од ситуацијата на експлоатација како и општи информации за прекршителите: пол, возраст, однос на жртви на трговија со лице, место на живеење, итн. |
| **6. Процена на основните и долгорочни потреби на жртвите на трговија** | Опис на потребите идентификувани од страна на оној кој го води интервјуто:<br>o Потреба од итно внимание<br>o Потреба од долгорочно внимание(не се однесува на претпоставените жртви)<br>o Потребите на непосредното социјално окружување на жртвите на трговија со лица, на пример децата и семејството (не се однесува на претпоставените жртви) |
| **7. Процена на ризикот** | Утврдување на ризиците:<br>o Ризици по животот и здравјето на испитаникот и нејзиниот/неговото потесно семејство |
| **8. Согласноста за упатување на жртвите на трговија со луѓе** | 1. Добивање согласност за упатување на тргуваното лице<br>2. Согласност за процедурата на упатување како и мониторинг на исполнувањето на потребните сервиси |

Унификација на начините за собирање на податоци за случаите на трафикинг, овозможува професионален и ефикасен пристап кон идентификација на жртвите, тренд на зголемување на бројот на идентификувани жртви како и пристап до неопходната помош и заштита.

## 5.2. Размена на информации и заштита на личните податоци

Во случаи кога жртвата се упатува кон друга организација, која исто така собира информации за случаи на трговија со луѓе, потребно е да се добие согласност од страна на жртвата пред податоците да се споделат. Лицето кое се интервјуира треба да биде свесно дека има право да го одбие трансферот на податоци кои се веќе собрани во друга организација, за каде се планира упатувањето. Исто така е неопходно, жртвата да се информира за причините за упатување како и за името на организацијата каде се упатува. Конечно, се препорачува професионалец кој го прави интервјуто за идентификација, ја придружува жртва кај други професионалци, кои ќе бидат одговорни за обезбедување на дополнителните услуги и/или мерки на заштита во согласност со идентификуваните потреби и ризици.

# Заклучоци и препораки

Идентификација на трговија со луѓе е комплексна, но во исто време и централен елемент во системот на заштита и помош, како и во целокупниот систем на борба против трговијата со луѓе. Идентификацијата овозможува пристап до многу потребната поддршка, помош и заштита. Таа, исто така им нуди на жртвите шанса за реинтеграција во нивните семејства и опкружување ѝ помага во спречување на нивна повторна виктимизација. Правилно спроведената идентификација, со фокус на правата на лицата што се тргувани, има позитивно влијание врз кривична истрага затоа што помага да се изгради довербата која жртвите ја имаат кон полицијата преку задоволување на нивните основни потреби.

Земајќи ја предвид важноста на процесот на идентификација на жртвите на трговија со луѓе, регионални насоки се изградени врз теоретските аспекти на идентификација на жртви како и добрите практики развиени од страна на НВО секторот, како и други организации од земјите на Источна и Југоисточна Европа. Целта на овие насоки е да се подготви рамка за идентификација на жртвите како и да се понудат алати за справување со проблеми кои се појавуваат додека трае процесот.

Регионалните насоки се инспирирани од правните системи на различни земји, но тие се поткрепени со заедничка правна основа за борба против трговијата со луѓе содржана во Протоколот од Палермо на ОН како и во Конвенцијата за борба против трговија со луѓе на Советот на Европа.

Со вклучувањето на овие регионални насоки, неколку практични алатки излегуваат на површина. Од подеднаква важност е да се користат овие алатки без да се изгуби од вид индивидуалноста на секој случај затоа што не постои универзална алатка или решение. На крајот на краиштата, насоките и треба да се користат како такви, со должна почит кон индивидуалните околности на секој од тргуваните лица. Во случај на сомнение, оној кој го врши интервјуто секогаш мора да се стави на страна на лицето за кое се претпоставува дека е жртва како би се заштитиле неговите права, односно ако се двоумите, подобро е лицето да се идентификува отколку да не се идентификуваат како жртва на трговија со луѓе. Неуспехот да се идентификуваат жртвите на трговија може да има огромни последици.

Се надеваме дека овие регионални насоки ќе им понудат на читателите јасна разработка на поимот и различните аспекти на процесот на идентификација, и ќе бидат од корист во практичната работа на експертите кои работат во близок контакт со феноменот на трговија со луѓе. Токму поради ова, употребата на искусни и специјализирани кадри во практичната примена на регионални упатства е од исклучителна важност. Нема систем за идентификација кој може да биде ефективен, ако не е заснован на професионално искуство и не се применува од страна на професионалци.

Освен тоа, се надеваме дека регионалните насоки ќе допринесат во развојот на стандардни оперативни постапки, упатства, и други алатки и креирање на документи за идентификација на жртвите на трговија со луѓе во регионот на Југоисточна Европа, каде трговијата со луѓе и понатаму претставува сериозна закана по човековите права.

NORWEGIAN MINISTRY OF FOREIGN AFFAIRS

© conceptmaniax.gr

# Ariadne network

Against Trafficking in Human Beings in South-Eastern and Eastern Europe

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

HUMAN RIGHTS DEFENCE CENTRE
ΚΕΝΤΡΟ ΠΡΟΑΣΠΙΣΗΣ ΑΝΘΡΩΠΙΝΩΝ ΔΙΚΑΙΩΜΑΤΩΝ

Здружение за поддршка и заштита на деца и семејства по ризик
'За срекно детство'

Archelaou 27, 11635 Athens, Greece, Tel: +30 210 92 10 977 \ Fax: +30 210 92 46 056 \ Site: www.kepad.gr
www.ariadnet.net